# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 15 октомври 1973
Скопје
Број 35 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 6 дин. Жиро сметка 40100-601-128

364.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за изградба на инвестициони објекти,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 25 септември 1973 година.

Број 03-2317
26 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ

#### I — ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува изградбата и реконструкцијата на инвестиционите објекти.

Одредбите на овој закон се однесуваат и на изработката на инвестиционо-техничката документација, а на претходните и подготвителните работи ако е тоа изрично определено со овој закон или со посебен пропис.

Изградбата на објекти на граѓани и граѓанско-правни лица се уредува со прописи на општините, доколку со овој закон не е поинаку определено

Член 2

Како инвестиционен објект во смисла на овој закон, се подразбира самиот градежен објект или градежен објект со вградените уреди, постројки и опрема што ѝ служат на намената на инвестиционото вложување.

Како градење на инвестиционен објект, во смисла на овој закон, се подразбира изведувањето на градежни работи, вградувањето и монтажата на уреди, постројки и опрема и изведувањето на завршно-инсталатерските работи.

Како реконструкција на инвестициони објекти, во смисла на овој закон, се подразбира изведувањето само на оние работи со кои се менуваат конструктивните елементи или се изведуваат други работи што можат да бидат од влијание за стабилноста на објектот односно неговите делови или ако со тие работи се менуваат условите под кои врз основа на издаденото одобрение за градење, е изграден инвестиционииот објект што се реконструира.

Како реконструкција, во смисла на овој закон, не се сметаат работите што се изведуваат заради замена на уреди, постројки и опрема, ако тие работи се изведуваат според условите утврдени во даденото одобрение за градење на инвестиционииот објект во кој тие уреди, постројки и опрема се заменуваат.

Како претходни работи во смисла на овој закон, се подразбираат студиите, истражувањата, изработката на идејни решенија, изработката на инвестициона програма, собирањето на податоци за проектирање и други работи и објекти што служат за подготвување на документација врз основа на која може да се донесе одлука за изработка на инвестиционен објект.

Како подготвителни работи, во смисла на овој закон се подразбираат работите и објектите од привремен карактер што е потребно, заради изградба на инвестиционен објект, да се изведат односно изградат пред почетокот или во текот на градењето на инвестициониот објект.

Член 3

Инвестиционен објект се изградува по порачка од инвеститорот, а може да се изградува и непосредно за пазарот.

Член 4

За изградба на инвестиционен објект одлучува инвеститорот.

Член 5

Кон градење на инвестиционен објект може да се пристапи дури откога од надлежниот орган ќе се прибави одобрение за градење, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 6

На изградениот инвестиционен објект пред почетокот на неговото користење се врши технички преглед.

Член 7

При одлучувањето за изградба на инвестиционен објект, при вршењето на другите дејствија во врска со таа изградба, во текот на изградбата и употребата на објектот инвеститорот е должен да се грижи за економска и општествена оправданост и целисходност на инвестициониот објект како и за заштитата на човековата околина и за внатрешното и надворешното пластично и естетско обликување и естетско сообразување со околината.

Член 8

Ако изградбата на одделни видови инвестициони објекти се регулира и со посебен закон, одредбите од овој закон ќе се применуваат и на изградбата на тие инвестициони објекти, освен за работите што се исклучиво предмет на регулирање на тој посебен закон.

Член 9

Одредбите на овој закон не се применуваат на инвестиционите објекти изградени и работите изведени пред или за време на елементарни непогоди или на други непредвидени настани за спречување на нивното дејство, како и заради непосредното отстранување на штетните последици од тие непогоди или настани, овие објекти и работи можат да останат како постојани објекти и по престанокот на околностите што го предизвикале нивното градење односно изведување ако имаат подолготрајна употребна вредност според нивната намена и ако се во согласност со урбанистичкиот план на местото односно ако можат да бидат усогласени со урбанистичкиот план.

Член 10

Надзор во поглед на примената на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него, вршат органите надлежни за работите на соодветната инспекција.

## II — ОДЛУКА ЗА ИЗГРАДБА И ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Член 11

Одлука за изградба на инвестиционен објект донесува инвеститорот врз основа на инвестициона програма и инвестициона техничка документација или само врз основа на инвестициона програма.

Со одлуката од став 1 на овој член се одредува објектот што е предмет на инвестиционата изградба, изворите и висината на финансиските средства потребни за изградба на целиот инвестиционен објект, или за изградба на одделни делови на тој објект што претставуваат економско-техничка целина и како такви можат самостојно да се користат ако се предвидува изградбата на инвестициониот објект по делови, средствата за образование на кадрите потребни за експлоатација на инвестициониот објект и за организирање на потребни научни истражувања, како и обртните средства утврдени со инвестициониот програм, начинот на обезбедување на средствата и роковите во кои објектот ќе се стави во погон.

Ако одлуката од став 1 на овој член се донесува врз основа на инвестициона програма и инвестициона техничка документација, изработката на таа документација се смета како претходна работа во смисла на овој закон.

Член 12

Инвестиционата програма е елаборат со кој се определува инвестициониот објект што треба да се изгради, се дава анализа на условите за изградба на инвестициониот објект и се докажува оправданоста на изградбата на тој објект.

За изградба на инвестициониот објект се изработува, по правило, една инвестициона програма, а можат да се изработат инвестициони програми и за делови на инвестициониот објект што претставуваат економско-техничка целина и како такви можат самостојно да се користат, ако изградбата на инвестициониот објект се предвидува по делови.

За изградбата на инвестиционите објекти што се функционално врзани инвеститорот може да изработи една инвестициона програма.

Член 13

Според природата на инвестициониот објект, инвестиционата програма, по правило, содржи: опис на инвестициониот објект, со податоци за неговата намена, за капацитетот, за програмата за производството односно експлоатација, за вклопување на инвестициониот објект во просторниот односно урбанистичкиот план, притоа дека е усогласен со водостопанската, енергетската, сообраќајната и другите основи за соодветното подрачје, анализа на условите за изградба и експлоатација на инвестициониот објект, анализа на суровинската основа, пласманот на готовите производи на домашниот и странскиот пазар, анализа на цените на домашниот и странскиот пазар, приказ на основната технолошко-производствена односно експлоатациона концепција, условите за заштита при работата, приказ на кадровските потреби за експлоатација на инвестициониот објект, на програмата и на средствата за нивно образование како и за научно-истражувачка и развојна дејност, карактеристики и вредноста на градежниот објект, опремата, постројките, монтажата и вредноста на основачките вложувања, анализа на потребните обртни средства, извор на финансиски средства за градба — конструкција на финансирањето, сметка на рентабилитетот со анализа на основните економски показатели — ефекти, траење на изградбата и почеток на експлоатацијата.

Ако инвестициониот објект е од таква природа што со своето постоење, употреба или дејност кое во него ќе се врши ќе ѝ нанесува штета на околината или како такво наложува потреба од набљудување, во инвестиционата програма ќе се предвиди изведување на техничките уреди и воспоставување на соодветни стручни служби со кои таа штета ќе се сведе на најмала мера.

Ако инвестиционите објекти се изградуваат на подрачје изложено на природни непогоди (земјотресно или плавно подрачје, земјиште склоно кон лизгање и сл.), со инвестиционата програма мораат да се анализираат условите за изградба на тоа подрачје врз основа на претходно извршени студии и истраги и да се предвидат мерки и средства за заштита на објектот.

Во зависност од природата на инвестициониот објект инвестиционата програма содржи елементи со кои се обезбедува внатрешното и надворешното ликовно обликување и просторно естетско сообразување со околината.

## III — ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 14

Одобрението за градење го дава надлежниот општински орган на управата, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Постапката за давање одобрение за градење е итна.

Член 15

Одобрението за градење престанува да важи ако градењето не започне во рокот определен во одобрението.

Рокот од став 1 на овој член не може да биде пократок од шест месеци ниту подолг од две години.

Член 16

Одобрението за градење се дава за градење на целиот инвестиционен објект или за дел од тој објект кој претставува економско-техничка целина и како таков може самостојно да се користи, ако инвестициониот објект се гради по делови.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член одобрение за градење може да се даде и за дел од инвестиционен објект односно за изведување на одделни работи (тунели на сообраќајници и хидроенергетски објекти, мостови и специфични работи од некои индустриски објекти и сл.), под услов:

— ако тој дел на објектот односно тие работи, според поднесената инвестиционо-техничка документација, и сами претставуваат техничка целина,

— ако изградбата на целиот инвестиционен објект ќе трае повеќе години,

— ако динамиката на изградбата и целиот инвестиционен објект го бара тоа.

Член 17

Инвестиционен објект може да се гради само според инвестициона техничка документација.

Инвестиционата техничка документација е елаборат во кој технички се разработува технолошко-производствената односно експлоатационата концепција на инвестициониот објект и се даваат технички решенија за неговата изградба.

Член 18

Инвестиционата техничка документација се состои, според природата на инвестициониот објект, од една или од повеќе проекти односно делови, како што се: проект на технолошкиот процес, проект на градежниот дел на објектот, проект на инсталациите и други проекти.

Проектите од став 1 на овој член содржат особено: техничко образложение (технички опис на технолошкиот процес со назначување на опремата, технички опис на градежниот дел на објектот, технички опис на инсталациите, мерките за заштита при работата и сл.), ситуација, пресметки, цртежи, предмер, спецификација, пресметка со опис на работите, како и посебни услови за градење на инвестициониот објект.

Техничките решенија во проектот мораат да бидат во согласност со техничките прописи, со нормативите и со задолжителните стандарди, со резултатите на истражувачките работи на испитувањата, на другите студии, како и со намената и со технолошката односно експлоатационата и економската концепција на инвестициониот објект усвоени во инвестиционата програма.

Член 19

Инвестиционата техничка документација за изградба на инвестициони објекти на определено земјиште се изработува во согласност со урбанистичките односно просторните планови, со водостопанските, сообраќајните, енергетските и други услови што се пропишани со закон или врз основа на закон.

Инвеститорот односно производителот на објектот за пазарот е должен да прибави потврди, односно согласност дека инвестиционата техничка документација е изработена според условите од став 1 на овој член од надлежните органи, односно организации што ги дале тие услови.

Член 20

Инвестиционата техничка документација, врз основа на која е изграден инвестициониот објект, можат да ја користат и други заинтересирани општествени правни лица.

Организацијата што ја користи односната документација е должна да му плати за тоа соодветен надоместок на инвеститорот односно на организацијата што ја изработила таа документација.

Висината на надоместокот се определува со спогодба меѓу заинтересираните организации, а ако не дојде до спогодба, за неа одлучува стопански суд.

Авторот на инвестиционата техничка документација ги задржува на таа документација другите авторски права.

Член 21

Кон градење на инвестиционен објект може да се пристапи дури откога ќе се добие одобрение за градење и ќе се обезбедат финансиски средства за тоа градење.

Член 22

Инвеститорот што бара одобрение за градење е должен да поднесе:

1) инвестициона техничка документација,

2) решение за локација од надлежниот орган дека предвидената изградба е во согласност со просторниот и урбанистичкиот план и потврда дека инвестиционата техничка документација е изработена во согласност со издаденото решение за локација на објектот,

3) согласност на водостопанскиот орган, ако инвестициониот објект зависи од режимот на водите или е од влијание за тој режим,

4) согласност на органот надлежен за сообраќајот и врските, ако инвестициониот објект може да има влијание врз безбедноста и правилното функционирање на сувоземниот сообраќај или на езерската, речната, каналската и воздушната пловидба, или врз телекомуникационите врски,

5) согласност од надлежниот орган за народна одбрана доколку, таквите објекти треба да се приспособат за потребите на народна одбрана и за објектите на кои, во случај на војна, треба да се преземат посебни мерки за нивна заштита и на околината,

6) за објектите со чија изградба и користење може да се нанесе штета на околината треба да се дадат стручни уверувања, односно доказ, дека штетните влијанија на човековата околина се сведуваат на најмала мера согласно со прописите, односно со вообичаените нормативи,

7) согласност на други заинтересирани органи, ако е тоа предвидено со посебни прописи,

8) доказ за правото на користење или за правото за службеност на земјиштето на кое ќе се гради инвестициониот објект,

9) електроенергетска согласност, ако за погон на инвестициониот објект се предвидува инсталирана сила поголема од 1 MW, и

10) потврда од Службата на општественото книговодство дека инвеститорот поднел докази за обезбедување на средства на начинот пропишан со член 90 и 91 од овој закон.

Одредбата на точка 9 од став 1 на овој член не се однесува на изградбата на станови и на станбени згради.

Член 23

Ако инвестициониот објект се гради со вградување на елементи или делови што се фабрично произведени, инвестиционата техничка документација од член 22 точка 1 на овој закон не мора да го содржи оној дел на техничката документација врз основа на кој се произведени тие елементи односно делови.

Ако се градат повеќе инвестициони објекти според иста инвестициона техничка документација, како инвестициона техничка документација за градење на тие објекти се смета таа документација и техничката документација со која тие објекти се прилагодуваат кон нивните локации.

Ако се врши само вградување и монтажа на уреди, постројки или опрема, како инвестициона техничка документација се смета документацијата со која се определува начинот на вградувањето и монтажата на уредите, постројките или опремата.

Член 24

Одобрение за градење на инвестиционен објект врз основа на инвестициона техничка документација изработена во странство, може да се даде дури откако ќе се изврши техничка контрола на таа документација.

Техничка контрола од став 1 на овој член може да вршат организациите регистрирани за изработка на соодветен вид инвестициона техничка документација, на начинот и под условите пропишани со одредбите на овој закон.

Член 25

Органот надлежен за давање на одобрение за градење и инвеститорот односно органот или организацијата врз која е пренесено правото за користење на инвестициониот објект, се должни да чуваат по еден комплетен примерок од инвестиционата техничка документација со сите измени и дополнувања врз основа на која е изграден инвестициониот објект.

Член 26

Инвеститорот односно корисникот ја чува инвестиционата техничка документација во смисла на член 25 од овој закон додека трае објектот.

Органот што го издал одобрението за градење, инвестиционата техничка документација ја чува најмалку пет години сметано од денот на издавањето на одобрението за употреба на изградениот објект, а потоа му ја враќа на инвеститорот.

Републичкиот секретар за индустрија и трговија ќе го определи начинот на обновување и дополнување, како и поблиските услови под кои може да се чува инвестиционата техничка документација.

Член 27

Подготвителните работи за изградба на инвестиционен објект се изведуваат врз основа на одобрението за градење на тој објект или врз основа на посебно одобрение за изведување само на тие работи.

Посебно одобрение за издавање само на подготвителни работи се дава ако обемот на овие работи бара нивното изведување да започне пред добивањето на одобрението за градење на инвестициониот објект или негов дел.

Посебно одобрение за градење мора да се прибави и за градењето на објекти што во смисла на овој закон се сметаат како претходни или подготвителни работи, ако со градењето или користењето на тие објекти може да се предизвика опасност по животот или здравјето на луѓето или по безбедноста на сообраќајот, соседните објекти или околината, или ако тие објекти можат да се градат само под определени урбанистички, технички и други пропишани услови.

Член 28

Поблиски прописи за издавање одобрение за градење на инвестициони објекти ќе донесе републичкиот секретар за индустрија и трговија.

Член 29

Одобрение за градење на објекти од општ интерес за Републиката издава Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

Член 30

Објекти од општ интерес за Републиката се:

1. хидроелектрани и термоелектрани со сила над 10 MW,

2. далекуводи со напон над 35 KV и трафостаници на тие далекуводи,

3. автопатишта, патишта од I, II и III ред и објектите на нив,

4. железнички пруги за јавен сообраќај и јазли со објекти и постројки на нив и индустриски колосеци што се врзуваат на пругите за јавен сообраќај,

5. жичари за јавен сообраќај,

6. аеродроми со објекти,

7. регулации и зафати на реките: Вардар, Лепенец, Треска, Пчиња, Брегалница, Црна Река, Струмица, Црн Дрим, Радика и Елешка, и брани за акумулација на другите реки и водотеци чие набљудување е задолжително според постојните прописи,

8. хидромелиоративни системи со површина над 3.000 ха, кои како систем претставуваат една целина и условуваат зафат на вода повеќе од еден метар кубни во секунда,

9. индустриски објекти со вкупна инвестициона вредност на основните средства над 100.000.000 динари,

10. транзитни, главни и јазолни тт централи и објекти што ги поврзуваат меѓусебно овие централи,

11. болници со капацитет над 300 легла,

12. јавни радио станици со сила на зрачење поголема од 1.000 W и јавни телевизиски предаватели,

13. нуклеарни објекти,

14. складишта за течни горива со капацитет над 1.000 $м^3$,

15. складишта и ладилници за прехранбени и други материјални резерви со капацитет поголем од 2.500 тони,

16. бензински пумпи покрај автопатиштата и јавните патишта од I, II и III ред,

17. гасоводи и рафинерии,

18. високи и металуршки печки со агрегати, и

19. мелници за брашно со дневен капацитет над 300 тони.

Член 31

Изведувачката организација е должна на органот што го издал одобрението за градење да му го пријави денот на отпочнувањето на работите за градење на инвестициониот објект, и тоа најмалку осум дена пред нивниот почеток.

Доколку природата на инвестициониот објект е таква што со неговото изведување можат да се добијат податоци од интерес за геолошко-рударски цели, инвеститорот е должен отпочнувањето на градбата да ја пријави и до надлежниот орган за рударство.

Член 32

Пред издавањето на одобрение за градење за особено сложени или специфични инвестициони објекти се врши техничка контрола на инвестиционата техничка документација.

Член 33

Како особено сложени или специфични објекти односно работи во смисла на член 32 од овој закон се сметаат:

1. брани со прибрански објекти чие набљудување според постојните прописи е задолжително,

2. мостови и вијадукти со еден или повеќе отвори ако еден од отворите има поголем распон од 30 м.,

3. хала и сали со едно или повеќе полиња ако едното поле е со распон поголем од 20 м.,

4. објекти за јавна намена (училишта, болници, угостителски и трговски објекти, објекти наменети за културно-забавни, спортски и други јавни собири), со корисна површина поголема од 3.000 $м^2$ или со поголема висина од 6 ката,

5. станбени згради со повеќе од 10 ката,

6. стадиони со изградени гледалишта,

7. нуклеарни објекти,

8. рафинерии за нафта,

9. резервоари за течни горива и хемиски средства со капацитет поголем од 5.000 $м^3$,

10. оџаци и кули повисоки од 50 м,

11. високи печки и металуршки печки,

12. хидроелектрани и термоелектрани со сила над 10 MW,

13. силоси над 5.000 тони,

14. топлани со капацитет поголем од 25.000.000 килокалории час,

15. тунели при хидротехничките објекти, метрои и слични објекти под земја,

16. гасоводи и нафтоводи,

17. далекуводи и трафостаници од 100 KV и повеќе,

18. аеродроми,

19. насипи за одбрана од поплави,

20. главни доводи за вода со пречник поголем од 1 м,

21. автопатишта и патишта од I ред,

22. железници и жичари за јавен сообраќај.

Член 34

Со техничката контрола на инвестиционата техничка документација особено се утврдува: дали постојат докази за стабилност на објектот и дали е објектот проектиран согласно со постојните технички прописи, нормативи и стандарди, дали постои безбедност во поглед на пожар, животот и здравјето на луѓето, сообраќајот, опремата и соседните објекти, како и дали се преземени нужните мерки со кои ќе се спречи односно сведе на најмала мерка штетата што инвестициониот објект ќе ја причини на околината и соседните објекти со своето постоење.

Техничката контрола се врши преку комисија или преку стручна организација регистрирана за изработка на соодветен вид инвестициона техничка документација.

Органот што го издава одобрението за градење определува дали техничката контрола на инвестиционата техничка документација за определен објект ќе се врши преку комисија или стручна организација.

Стручната организација што ја изготвила инвестиционата техничка документација не може да ја врши техничката контрола утврдена со овој член.

Комисијата односно стручната организација по извршената техничка контрола, записнички утврдува дали инвестиционата техничка документација ги исполнува условите од став 1 на овој член.

Одобрение за градење не може да се издаде ако инвестиционата техничка документација не ги исполнува пропишаните услови.

Трошоците за извршената техничка контрола на инвестиционата техничка документација ги сноси инвеститорот.

## IV — ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ИЗГРАДЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ

Член 35

По завршената изградба на инвестициониот објект или на дел од објектот кој претставува економско-техничка целина и како таков може самостојно да се користи, пред почетокот на неговото користење односно пуштање во погон, треба да се изврши технички преглед на изградениот објект, односно на негов дел, заради проверка на неговата техничка исправност.

Техничкиот преглед на инвестициониот објект опфаќа, според природата на инвестициониот објект технички преглед на градежните работи, технички преглед на инсталациите и технички преглед на опремата и постројките.

Член 36

Со техничкиот преглед се утврдува дали инвестициониот објект е изведен во согласност со инвестиционата техничка документација за стабилноста на објектот, за безбедноста во поглед на пожар, на животот и здравјето на луѓето, на сообраќајот и соседните објекти како и во согласност со прописите, нормативите и стандардите, чија примена е задолжителна при изведувањето на објектот од тој вид и со условите утврдени со решението за локацијата за изградба на инвестициони објекти на определено земјиште како и дали се преземени пропишаните мерки со кои ќе се спречи односно сведе на најмала мера штетата што инвестициониот објект со своето постоење односно користење може да ѝ ја нанесува на својата околина.

Член 37

Техничкиот преглед го врши органот што го издал одобрението за градење.

Изградениот инвестиционен објект или негов дел кој претставува економско-техничка целина, и како таков може самостојно да се користи, како и објектите на претходни и подготвителни работи изградени врз основа на посебно одобрение за градење (член 27 став 3) можат да се користат односно да се пуштат во погон откако органот од став 1 на овој член ќе даде решение за нивна употреба.

Решението од став 2 на овој член се дава по барање од инвеститорот или изведувачката организација што за негова сметка го изградил објектот за кој се бара решение, односно од производителот на инвестициониот објект за пазарот.

Органот од став 1 на овој член може да го услови давањето на решение за употреба на изградениот инвестиционен објект со претходно отстранување на објектите што се изградени како претходни или подготвителни работи за изградба на тој инвестиционен објект.

Постапката за давање на решение за употреба е итна.

Член 38

Техничкиот преглед на изградениот инвестиционен објект се врши преку комисија или стручна организација регистрирана за изработка на соодветен вид инвестициона техничка документација или соодветна научна институција.

Органот што го издал одобрението за градење определува дали техничкиот преглед на определен објект ќе се врши преку комисија или стручна организација односно соодветна научна институција.

Член 39

Ако при техничкиот преглед се утврди дека недостатоците на изградениот инвестиционен објект не можат да се отстранат, или дека постои неотстранлива опасност по стабилноста на објектот или по животот или здравјето на луѓето, по сообраќајот или соседните објекти, органот надлежен за издавање на решение за употреба ќе донесе решение да се урне односно отстрани инвестициониот објект.

Член 40

Против решението донесено според член 37 и 39 од овој закон можат да изјават жалба покрај инвеститорот и учесниците во изградбата на објектот.

Жалбата не го запира извршувањето на решението на првостепениот орган со кое се наредува уривање односно отстранување на инвестициониот објект, или на одделни негови делови, ако таквото решение е донесено поради тоа што постои непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето, по сообраќајот или соседните објекти, ако таа опасност не може со други мерки да се отстрани, и ако во решението е предвидено дека жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Член 41

Трошоците за вршење на редовен технички преглед паѓаат на товар на инвеститорот.

По исклучок, трошоците за вршење на дополнителен преглед паѓаат на товар на изведувачот, ако до тоа дошло по негова вина.

Член 42

Републичкиот секретар за индустрија и трговија ќе донесе поблиски прописи за постапката за вршење на технички прегледи.

## V — ИЗРАБОТКА НА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА И НА ИНВЕСТИЦИОНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 43

Ако инвестиционата програма не ја изработува сам, инвеститорот изработката на целата инвестициона програма или на одделни нејзини делови може да ја довери на друга организација (организација на здружен труд, установа или друго правно лице).

Член 44

Изработката на инвестиционата техничка документација инвеститорот може да ја довери на организација што е регистрирана за изработка на таква документација.

Член 45

По исклучок од одредбата на член 44 од овој закон, за помали и други објекти односно работи, инвестиционата техничка документација може, без запишување во регистарот, да ја изработува и инвеститорот сам за свои потреби, доколку ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Како помали објекти во смисла на став 1 од овој член се сметаат објектите со вообичаени технички и конструктивни решенија, со наједноставни статички системи на конструкцијата и со можноста за примена на вообичаени едноставни мето-

ди на изведување за кои не се предвидуваат посебни мерки за заштитата на луѓето, објектот, опремата, како и на околината и сообраќајот.

Како други објекти односно работи, во смисла на став 1 од овој член, се смета сè она што е непосредно сврзано со основните дејности на инвеститорот и технолошкиот процес во производството.

Член 46

Инвестиционата техничка документација може да ја изработува и граѓанин за објектот што сам ќе го користи за свои потреби ако има за тоа соодветна стручна спрема и практика.

Член 47

Организацијата што изработува инвестициона техничка документација е должна, при изработката на таа документација:

1) да се придржува за одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него, за условите утврдени со закон или врз основа на закон за определена локација, како и за техничките прописи, нормативите и стандардите, чија примена е задолжителна при изработката на определен вид инвестициона техничка документација, како и кон другите прописи што се однесуваат на изградбата и експлоатацијата на определен инвестиционен објект, и да ги предвиди мерките пропишани за заштита при работата, за заштита од пожар, за заштита на воздухот и водата од загадување, за заштита од елементарни непогоди и други вонредни настани, како и други потребни мерки,

2) да применува рационални технички решенија и да ги обезбеди основните економско-технички услови што ги утврдил инвеститорот со инвестиционата програма или на друг начин,

3) да предвиди вградување на материјали, уреди, постројки и опрема од соодветен квалитет, како и нивно испитување, ако е тоа потребно,

4) да предвиди мерки за заштита на инвестициониот објект што ќе се изгради на земјотресно или плавно подрачје или на земјиште склоно на лизгање, како и мерки што се од интерес за народната одбрана, и

5) да изврши внатрешна контрола на исправноста на техничките решенија, сметководната точност и потполноста на инвестиционата техничка документација, и дали е инвестиционата техничка документација изработена во согласност со одредбите на овој член.

Организацијата што ја изработила инвестиционата техничка документација потврдува дека ја извршила внатрешната контрола на таа документација во смисла на одредбата од точка 5 на став 1 од овој член.

Одредбите од став 1 точка 1, 3 и 4 на овој член се однесуваат и на граѓанинот што изработува инвестициона техничка документација во смисла на член 46 од овој закон.

Член 48

Обврските утврдени со член 47 од овој закон се однесуваат во целост и на случаите кога инвеститорот сам за свои потреби изработува инвестициона техничка документација без запишување во регистарот.

Член 49

Условите во поглед на стручната спрема и практиката што мораат да ги имаат лицата што изработуваат определен вид инвестициона-техничка документација, ги утврдува организацијата на здружен труд со свој правилник, доколку со овој закон не е поинаку пропишано.

Член 50

За објектите од член 45 на овој закон инвеститорот сам за свои потреби може, без запишување во регистарот, да изработува инвестициона техничка документација под услов да има во работен однос најмалку две стручни лица со висока, виша или средна стручна спрема од струката односно насоката во која спаѓа инвестиционата техничка документација. Стручното лице со висока стручна спрема е должно да има поминато најмалку две години на работа во струката, а стручното лице со виша или средна стручна спрема — најмалку пет години на работа во струката.

Член 51

Инвестициона техничка документација на објектите односно работите од член 33 на овој закон можат да изработуваат лица што имаат висока стручна спрема и најмалку пет години поминати на работа во струката односно насоката во која спаѓа изработката на инвестиционата техничка документација.

Овластување за изработка на инвестициона техничка документација може да добие лице што ги исполнува условите од став 1 на овој член. Овластувањето го издава Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

Организацијата што изработува инвестициона техничка документација за објектите односно работите од член 33 на овој закон може да се регистрира за изработка на таков вид инвестициона техничка документација, ако има најмалку три стручни лица кои ги исполнуваат условите од претходниот став.

Член 52

Инвеститорот може да распише конкурс за идејно решение на инвестициониот објект.

На конкурсот што ќе го распише инвеститорот за идејно решение на инвестиционите објекти може да учествува секое лице, без оглед на неговата стручна спрема.

Член 53

Инвеститорот и организацијата на која и се отстапува изработката на инвестициона програма односно инвестиционата техничка документација склучуваат за тоа писмен договор, во кој ги утврдуваат своите меѓусебни права и обврски.

Ако изработката на документацијата се отстапува заедно со изградбата на инвестициониот објект, со договорот за изградба на инвестиционите објекти може да се опфати и изработката на документацијата, во кој посебно е искажан износот за градењето, а посебно за изработката на документацијата.

Член 54

За недостатоците и неправилностите во инвестиционата програма односно во инвестиционата техничка документација, а особено кога изградениот инвестиционен објект ги нема предвидените производствени односно експлоатациони карактеристики, организацијата што ја изработила таа програма односно документација е должна на инвеститорот да му ја надомести штетата, ако до тие недостатоци односно неправилности дошло по нејзина вина.

Одредбите од став 1 на овој член согласно се применуваат и на изработката на документацијата што служи како подлога за изработка на инвестиционата техничка документација според која се гради инвестициониот објект (документација за геомеханичките истражувања, за квалитетот на материјалот и конструкциите).

## VI — ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ

Член 55

Градењето на инвестиционен објект може да се отстапи само на организација на здружен труд регистрирана за вршење на дејноста во која спаѓа градењето на таков објект, односно на друга организација која со договор обезбедила деловна со-

работка со организација регистрирана за вршење на таа дејност.

На организација регистрирана за одредена дејност (градење или друго) можат да ѝ се преотстапат, заедно со работите од нејзината дејност, и работи од други дејности (градежно-занаетчиски, инсталатерски и сл.), ако од вкупниот обем на работите што ги презема најмалку 30% спаѓаат во дејноста односно видот на работите за кои е регистрирана.

Ако определениот вид на работа од друга дејност е застапена со повеќе од 10% во вкупните работи, тогаш организацијата што ги презела тие работи е должна со претходен договор или со воспоставена долгорочна соработка да го регулира заедничкото учество за извршување на овој вид работи.

Организацијата на здружен труд од став 1 на овој член може да се регистрира за градење на инвестициони објекти ако има најмалку три стручни лица од соодветна дејност со висока, виша или средна стручна спрема.

Инвеститорот и организацијата на која ѝ се отстапува изградбата на инвестициониот објект се должни да склучат писмен договор за тоа.

Договорот што не е склучен во писмена форма нема правно дејство.

Договорот од став 5 на овој член, покрај суштествените состојки според природата на работата, мора да содржи и одредби за рокот за изведување на работите што се предмет на договорот, за гарантните рокови, за квалитетот на изведените работи и за договорната казна.

Гарантен рок за градежните и градежно-занаетчиските работи и инсталациите не може да биде помал од 2 години. Во овој рок изведувачот е должен на свој трошок да ги отстрани недостатоците што настанале поради неквалитетна изработка или неквалитетен материјал.

Член 56

Инвеститорот може без запишување во регистарот да гради инвестиционен објект односно да изведува одделни работи сам за своите потреби ако пресметковната вредност не е поголема од 1.000.000 дин. и ако има најмалку две стручни лица со висока, виша или средна стручна спрема од струката односно насоката во која спаѓа инвестициониот објект односно работата. Стручното лице со висока стручна спрема е должно да има најмалку две години поминато на работа во струката, а стручното лице со виша или средна стручна подготовка најмалку пет години поминати на работа во струката.

Член 57

Со договорот од член 55, став 2 на овој закон цената се утврдува за вредноста на целиот инвестиционен објект или за дел кој претставува економско-техничка целина и како таков може самостојно да се користи, или за единица мера на изграден објект (должински метар на објект, квадратен метар на површина на објект, кубен метар на изграден простор на објект и сл.).

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член цената може да се утврди и за единица мера на одделни видови работи.

Член 58

Цените договорени според одредбите од член 57 на овој закон не можат да се менуваат.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член инвеститорот односно изведувачката организација може да бара измена на договорените цени само во случај на вонредни настани кои не можат да се предвидат во времето на склучувањето на договорот, а поради кои дошло до зголемување односно намалување на соодветните цени на пазарот.

Како вонреден настан од став 2 на овој член се сметаат особено:

1) природните настани, како поплава, земјотрес и сл.,

2) мерките пропишани од надлежните органи кои непосредно влијаат врз висината на договорените цени за работите што се предмет на договорот,

3) промените на условите за изведување на работи во земја или вода, кои според вообичаените методи не можеле да се предвидат при изработката на инвестиционата техничка документација,

4) исклучително пребрзан и голем скок или пад на цените на пазарот.

Со договорот можат да се предвидат и други случаи, покрај оние од став 2 на овој член, како и други услови под кои може да се бара измена на договорените цени.

Инвеститорот односно изведувачката организација не може да бара измена на договорената цена поради вонредни настани што настапиле по истекот на рокот за исполнување на неговите односно нејзините обврски определени со договорот, освен ако е другата страна одговорна за продолжување исполнувањето на договорената обврска.

Член 59

Условите во поглед на стручната спрема и практиката што мораат да ги имаат лицата што раководат со градењето на одделни видови објекти или што раководат со изведувањето на одделни видови работи на такви објекти, ги утврдуваат организациите на здружен труд со свој правилник, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Определување на раководител на градењето се врши со писмено решение од страна на организацијата на здружен труд што го гради објектот.

Член 60

За објектите односно работите од член 33 на овој закон лицата што раководат со градењето на објектот односно изведувачот на работите и лицата што вршат стручен надзор мораат да имаат висока стручна подготовка и пет години поминати на работа во струката.

Овластување за раководење со градењето на објекти односно изведувањето на работите може да добие лице кое ги исполнува условите од став 1 на овој член. Овластувањето го издава Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

Член 61

Отстапувањето изградбата на инвестиционен објект се врши по пат на конкурс (јавно наддавање), по пат на собирање на понуди или по пат на непосредна спогодба. По пат на непосредна спогодба не може да се врши отстапување на објекти и работи што се изведуваат со учество од средствата на општествено-политичките заедници, интересните заедници и фондовите кои имаат својство на правно лице, а износот на чинењето на објектот односно работата е поголем од 500.000 динари. Непосредна спогодба може да се примени ако ни повторното јавно наддавање, односно прибирање на понудата не успеало.

Инвеститорот одлучува за начинот на отстапувањето изградбата од став 1 на овој член, ако со овој закон не е поинаку определено.

Член 62

Конкурсот се врши по пат на понуди кои учесниците во конкурсот ги поднесуваат писмено врз основа на јавна објава за одржување на конкурсот.

Изградбата на инвестициониот објект ѝ се отстапува на организацијата чија понуда на конкурсот е најповолна, ако во условите на конкурсот не е поинаку определено.

Како најповолна понуда се смета понудата која е најповолна во поглед на условите на конкурсот.

Инвеститорот е одговорен за правилното спроведување на конкурсот.

Инвеститорот е должен во актот за прифаќање на понудата да ги наведе причините поради кои таа понуда ја оценил како најповолна и тој акт да им го достави на сите учесници во јавното наддавање односно во собирањето на понуди, во рокот од член 66, став 3 на овој закон.

Учесниците во конкурсот што се оштетени со неправилната постапка имаат право на надоместок на штетата од инвеститорот.

Член 63

Јавното наддавање се врши по пат на понуди што учесниците во јавното наддавање ги поднесуваат писмено врз основа на огласот за одржување на јавното наддавање.

Во јавното наддавање можат да учествуваат организации на здружен труд.

Организациите на здружен труд од став 2 на овој член мораат да бидат регистрирани за дејноста во која спаѓаат работите што се предмет на отстапување (изведувачки организации).

Член 64

Во огласот за одржување на јавно наддавање или конкурс за подобност, инвеститорот е должен особено да наведе кои работи се отстапуваат и под кои услови се отстапуваат, местото на изведувањето на тие работи, ориентационата вредност на тие работи, рокот за нивното изведување, рокот за поднесување на понудите, рокот во кој ќе ги извести учесниците за тоа дали и која од понудите поднесени во постапката за јавно наддавање односно собирање на понуди ја прифатил.

Член 65

Условите за отстапување изградбата на инвестиционен објект односно на изведувањето на одделни работи по пат на јавно наддавање или по пат на собирање понуди, ги утврдува инвеститорот.

При утврдувањето на условите од став 1 на овој член, инвеститорот е должен да им обезбеди рамноправно учество во јавното наддавање односно на конкурсот за подобност на сите изведувачки организации регистрирани за вршење на дејноста во која спаѓаат работите што се предмет на наддавањето.

Член 66

Инвеститорот утврдува дали јавното наддавање односно собирањето на понуди успеало.

Се смета дека јавното наддавање односно собирање на понуди не успеало ако ниедна понуда поднесена на јавното наддавање односно во собирањето на понуди не ги исполнува сите услови од член 65, став 1 на овој закон.

Ако утврди дека јавното наддавање односно собирањето на понуди не успеало, инвеститорот е должен да ги извести за тоа сите учесници во јавното наддавање односно во собирањето на понуди, во рокот во кој, според член 64 од овој закон, е должен да ги извести за тоа дали и која понуда ја прифатил.

Член 67

Инвеститорот може, наместо отстапување изградбата на инвестиционен објект по пат на конкурс изградбата на инвестициониот објект да се отстапи по пат на собирање понуди, ако претходно одржал конкурс за подобноста на изведувачите за изградба на тој инвестиционен објект.

Конкурсот за оценка на подобноста на изведувачките организации го распишува инвеститорот со јавен оглас.

Писмени понуди можат да се собираат само од учесниците на конкурсот за подобност што со одлуката на инвеститорот се прогласени како подобни за изведување на работите што се отстапуваат.

Член 68

Републичкиот секретар за индустрија и трговија ќе донесе поблиски прописи за начинот и постапката за отстапување по пат на јавно наддавање и по пат на собирање на понуди врз основа на конкурс за подобност.

Член 69

Организацијата што го гради инвестициониот објект е должна:

1) да ги изведува работите според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди што важат за градење на односниот вид инвестиционен објект,

2) да вградува материјал кој одговара на пропишаните стандарди односно кој е снабден со атест (потврда за квалитетот) издаден од страна на стручната организација регистрирана за дејност на испитување на тој материјал, ако за тој материјал не постојат стандарди,

3) навреме да преземе мерки за сигурност на инвестициониот објект и работите, на опремата и материјалот на работниците, минувачите, сообраќајот и соседните објекти,

4) да се придржува за инвестиционата техничка документација врз основа на која е издадено одобрение за градење,

5) со внатрешна контрола да обезбеди работите да се изведуваат во согласност со одредбите од точка 1 до 4 на овој член, и

6) да го извести надлежниот орган за рударство доколку во текот на градбата утврди дека има појави на минерални суровини.

Член 70

Ако организацијата што го гради инвестициониот објект забележи недостатоци во инвестиционата техничка документација по која го гради инвестициониот објект, таа е должна за тие недостатоци навреме да го предупреди инвеститорот.

Ако инвеститорот без непотребно одлагање не ги отстрани недостатоците за кои е предупреден, организацијата што го гради објектот е должна за тие недостатоци да го извести органот на управата што го дал одобрението за градење — ако тие недостатоци се во спротивност со важечките прописи, а ако тие недостатоци ја загрозуваат сигурноста на објектот и животите или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, таа е должна и да го запре натамошното изведување на работите и да преземе мерки за отстранување на тие недостатоци.

Член 71

Организацијата што го гради инвестициониот објект односно ги изведува инвестиционите работи, е должна да води градежна книга и градежен дневник.

Во градежната книга се внесуваат извршените количества на одделни позиции и фази на градењето, а во градежниот дневник податоците за околностите и условите под кои се изведуваат работите.

Републичкиот секретар за индустрија и трговија ќе го пропише начинот на водење на градежната книга и градежниот дневник.

Член 72

Со писмен договор меѓу инвеститорот и изведувачката организација се определува дали, под кои услови и на кој начин ќе се врши стручен надзор над градењето на инвестициониот објект односно над изведувањето на одделни работи на тој објект.

Член 73

Инвеститорот е должен да врши постојан стручен надзор над изградбата на особено сложени или специфични инвестициони објекти, наведени во член 33 од овој закон.

Член 74

Инвеститорот и организацијата што го изградила инвестициониот објект односно што извела определени работи на инвестициониот објект се должни, во рок од 60 дена од денот на приемот на решението дека може да се користи инвестициониот објект, да извршат примопредавање и конечна пресметка на изградениот инвестиционен објект односно работите на неговата изградба, ако со договорот не е предвидено поинаку.

Член 75

За инвестиционите објекти на кои е потребно вршење на постојано набљудување (високи брани, објекти кои со своето постоење и експлоатација може да ѝ нанесува штета на околината и луѓето и сл.), по нивното ставање во употреба, корисникот е должен да воспостави соодветна стручна служба (кадри и опрема) за вршење на набљудувањето со цел за нивно обезбедување и на околината, како и за одржување во исправна состојба на инсталациите и уредите вградени за потребната заштита.

Член 76

Инвеститорот може на една организација регистрирана за дејноста инженеринг да ѝ го довери извршувањето на сите работи во врска со изградбата на инвестициониот објект.

Работи кои спаѓаат во дејноста инженеринг се:

1. извршување на работите кои во смисла на овој закон се сметаат за претходни работи,

2. изработка на инвестиционата програма,

3. изработка на инвестиционата техничка документација,

4. изведување на работите кои во смисла на овој закон се сметаат за подготвителни работи,

5. изведување на градежните и градежно-занаетчиските работи,

6. набавка и вградување на уреди, постројки, инсталации и опрема, кои служат на намената на инвестиционите вложувања,

7. оспособување на кадрите потребни за експлоатација на инвестициониот објект, и

8. извршување на други работи во врска со изградбата и предавањето во користење на инвестициониот објект.

Член 77

За вршење на инженеринг — дејноста може да се регистрира организацијата на здружен труд, или организација на деловно здружување.

Организација на здружен труд може да се регистрира како инженеринг — организација, ако во актот за основањето е одредено кои видови на објекти ќе ги гради според системот на инженеринг, како и кои видови на работи и дејствија непосредно ќе ги врши, и ако извршува сама најмалку 30% од износот на чинењето на работите.

Организација на деловно здружување може да се регистрира за вршење на инженеринг — дејност, ако за вршењето на работите, кои спаѓаат во оваа дејност, е предвидено тоа со договорот за деловното здружување.

Член 78

Организацијата што врши инженеринг-дејност е должна, во смисла на член 54 од овој закон, на инвеститорот да му ги надомести штетите за недостатоците и неправилностите што ги има изградениот објект и до кои дошло по нејзина вина.

Член 79

Организациите на здружениот труд можат, во рамките на своето работење, да изградуваат инвестициони објекти и за пазарот.

На организациите на здружениот труд кои градат за пазарот станови и станбени згради и придружни објекти: за трговија, за комунални дејности и други услужни дејности, не се применуваат одредбите од член 11 и 12, став 2 и член 13 од овој закон, ниту одредбите од глава VIII на овој закон.

Член 80

Испитување на градежни материјали, готови елементи и конструкции, кои се вградуваат во инвестициони објекти со цел да се издаваат атести (уверенија) или друга документација за нивниот квалитет, можат да вршат:

1. организации што се регистрирани за ваква дејност,

2. лаборатории во состав на организациите за производство на градежни материјали или градежни претпријатија кои не се регистрирани, а се опремени за испитувањата што ги вршат и располагаат со најмалку две лица со високо образование од соодветна струка и кои имаат најмалку три години работно искуство во струката.

Лабораториите од точка 2 на претходниот став можат да изработуваат документација за квалитетот само на своите производи, а испитување на производите на други производители и организации за издавање на атести можат да вршат само ако со организациите од точка 1 на претходниот став имаат, со договор, деловна соработка

Член 81

Обемот на испитувањето во текот на градењето за градежни материјали, префабрикатите и нивните конструкции задолжително го одредува проектантот, во инвестиционо-техничката документација, врз основа на постојните технички прописи, стварните потреби, а според значењето на објектот и обемот на работите.

## VII — ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ ВО ЗЕМЈОТРЕСНИ ПОДРАЧЈА

Член 82

За изработка на инвестициона техничка документација и при изградбата на инвестициони објекти во земјотресни подрачја мораат да се применуваат параметрите што се утврдени: со картата за земјотресната реонизација на Републиката, со картите на деталната земјотресна реонизација на подрачјето, односно картата за земјотресната микрореонизација на одделни подрачја и населените места, сеизмолошките и инженеринг сеизмолошките истражувања на одделни локации, како и техничките прописи за градење на земјотресни подрачја.

Член 83

Под земјотресни подрачја се сметаат подрачјата со земјотресна јачина од VII, VIII и IX степен според скалата на (Меркали — Канкани — Зиберг) установена со картите од член 82 на овој закон.

Член 84

Изработката на картата за земјотресната реонизација на Републиката се финансира од Републиката. Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија се грижи за изработката на картата и нејзиното донесување.

Рокот за донесување на картата е 3 години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

За градовите и урбанизираните поголеми населени места што се наоѓаат на подрачјата со земјотресна јачина од VII, VIII и IX степени установен со картата за земјотресната реонизација на Републиката, општините се должни да изработат микроземјотресни карти во рок од 5 години од денот на донесувањето на картата за земјотресната реонизација на Републиката.

Член 85

За објектите со посложени конструктивни системи и од посебно значење наведени во член 33, точка 1 до 15 од овој закон, што се гра-

дат на земјотресно подрачје со земјотресна јачина од VIII и IX степен пред изготвувањето на инвестиционата техничка документација, инвеститорите се должни да изработат микроземјотресна карта за делот на земјиштето каде што ќе се гради објектот, ако тоа земјиште не е опфатено со картите предвидени со член 84 од овој закон. За објектите кај кои рушењето или оштетувањето би можело да предизвика тешки последици на околината, животот и здравјето на луѓето и големи штети на стопанството (високи брани, нуклеарни објекти, резервоари со содржина опасна по околината и луѓето, високи печки и слични објекти), инвеститорите се должни со посебни сеизмолошки и инженерско-сеизмолошки истражувачки работи да обезбедат што посигурни параметри и критериуми за современо проектирање на земјотресно отпорни објекти.

Член 86

При изработката и ревизијата на просторните и урбанистичките планови мораат да се земат во предвид подлогите и податоците од соодветните земјотресни карти.

Член 87

За објектите за јавна намена (училишта, болници, објекти за културно забавни, спортски и други јавни собири и поголеми објекти од 1.000 м² за угостителска трговска намена) и брани, согласно со член 33, став 1, точка 1, кои се проектирани и изградени без примена на нормативи за обезбедување од земјотрес, а се на подрачја со земјотресна јачина од IX степени, во рок од 3 години од влегувањето во сила на овој закон треба со посебна техничка документација да се оцени нивната земјотресна отпорност, односно да се одреди коефициентот на сигурност против нивното рушење.

Ако коефициентот на сигурност е помал од 1,15, инвеститорите односно корисниците се должни да извршат зајакнување на објектот согласно со важечките технички прописи во рок од 10 години од влегувањето во сила на овој закон, или да извршат негова пренамена со која може да се отстрани непосредна опасност по животот на луѓето.

Ако инвеститорите, односно корисниците не постапат во согласност со претходниот став, надлежната техничка инспекција ќе донесе решение за забрана, односно пренамена на употребата на објектот.

Член 88

Републичкиот секретар за индустрија и трговија е надлежен за одобрување на картата за земјотресна реонизација на Социјалистичка Република Македонија и одобрување на деталните односно микроземјотресните карти изработени од општините, како и добиените параметри со посебните истражувања, што ќе се применуваат во проектирањето.

Член 89

Техничките мерки и услови за изградба на инвестициони објекти и објекти на граѓаните и граѓанско-правните лица на земјотресни подрачја се утврдуваат со посебни технички прописи.

Со техничките прописи ќе се одредат и објектите за кои при проектирањето ќе се земат параметри за поголема земјотресна отпорност и објекти за кои нема да се применуваат овие технички прописи.

## VIII — СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 90

Инвеститорот е должен да обезбеди средства за финансирање:

1) изградбата на објектите што се сметаат како претходни или подготвителни работи за чие градење мора да се прибави посебно одобрение (член 27, став 3) пред почетокот на нивното градење, а во висина на вкупниот износ на средствата потребни за нивната изградба,

2) изведувањето на подготвителните работи за изградба на инвестиционен објект што се изведуваат врз основа на одобрение за изведување само на тие работи (член 27, став 2) пред почетокот на нивното изведување, а во висина на вкупниот износ на средствата предвидени за изведување на тие работи,

3) изградбата на инвестициониот објект или дел од објектот кој претставува економско-техничка целина и како таков може самостојно да се користи — пред почетокот на градењето на тој инвестиционен објект или дел од објектот односно пред почетокот на изведувањето на подготвителните работи ако тие работи не се изведуваат врз основа на посебно одобрение, а во висина на вкупниот износ на средствата потребни за изградба на целиот инвестиционен објект или дел од објектот со изведувањето на подготвителните работи.

Покрај средствата од став 1 на овој член, инвеститорот е должен, на начинот од член 91 на овој закон, да обезбеди и средства за образование на кадри потребни за експлоатација на инвестициониот објект за научно-истражувачка и развојна дејност за обртни средства, утврдени со инвестициона програма, како и средства за извршување на обврските што според посебни прописи се плаќаат на инвестиционото вложување.

Одредбите од став 1 на овој член важат и за инвеститорот од член 56 на овој закон.

Член 91

Како доказ за обезбедувањето на средства за финансирање изградбата на инвестициониот објект според одредбите од член 90 на овој закон се сметаат:

1) средствата што се обезбедуваат по пат на кредит-договорот за кредит,

2) средствата што инвеститорот ги издвоил на посебна сметка-потврда од Службата на општественото книговодство за износот на средствата издвоени на посебна сметка пред започнување со градењето на објектот односно пред изведувањето на работите и изјавата од инвеститорот дека издвоените средства ќе ги користи само за изградба на инвестициониот објект за кој се издвоени тие средства,

3) средствата што инвеститорот ги обезбедува од сопствени или други извори, освен средствата од точка 1 и 2 на овој став — потврда од инвеститорот, издадена врз основа на одлуката на највисокиот орган на управувањето, дека пред започнување со градењето на објектот односно пред изведувањето на работите располага со средствата потребни за финансирање изградбата на објектот односно за изведување на работите или дека тие средства ќе ги обезбеди во текот на градењето односно изведувањето на работите по пат на издвојување во соодветни фондови, со гаранција од банката дека таа на инвеститорот ќе му обезбеди наменски кредит во висина на тие средства ако не ги обезбеди инвеститорот,

4) средствата што ги обезбедуваат општините и Републиката со Законот односно Одлуката за спроведување на општествениот план,

5) средствата што се обезбедуваат по пат на месен самопридонес на граѓани — одлука од надлежниот орган за воведување на тој самопридонес.

Не се смета како доказ за обезбедување средства во смисла на точка 1, став 1 од овој член договорот за кредит склучен со изведувачот на инвестиционите работи ако изведувачот во време на склучувањето на договорот има и исплатени обврски по судски одлуки, по акцептни налози и обврски спрема општествено-политичките заедници.

Службата на општественото книговодство е должна на инвеститорот, по негово барање, да му

издаде потврда за обезбедување на средствата за финансирање изградбата на објектот кога тој ќе ѝ ги поднесе соодветните докази од став 1 на овој член.

Член 92

Инвеститорот е должен писмено да ја извести Службата на општественото книговодство за започнување со градењето на објектот односно за изведување на работите, заради проверување дали нема промени во начинот на обезбедување на средствата за финансирање изградбата на објектот односно за изведување на работите според одредбите од член 90 и 91 од овој закон, и тоа најдоцна петнаесет дена пред денот на започнувањето на градењето на објектот односно изведувањето на работите.

Член 93

Инвеститорот е должен да обезбеди плаќање на целиот износ на обврската по секој договор склучен според одредбата од член 55 на овој закон, и тоа со аванс, акредитив или гаранција од банката односно друг давател на кредитот дека во висина на дадениот кредит ќе им врши исплати на изведувачките организации со кои инвеститорот склучил договор.

Користењето на авансот од став 1 на овој член содоговорачите го уредуваат со писмен договор.

Гаранцијата на банката односно друг давател на кредитот како плаќање важи до потполното искористување на износот на кој гласи гаранцијата.

Член 94

Обезбедување на плаќањата од член 93, став 1 на овој закон може да се врши и врз основа на гаранцијата од банката издадена според одредбите на член 91, став 1, точка 3 на овој закон.

Банката е должна по барање од изведувачот, ако инвеститорот не му ги намирил на изведувачот стасаните обврски по договорот: да му даде кредит на инвеститорот согласно со договорот за гаранцијата.

Изведувачот на работите, на кој му е обезбедено плаќање со гаранција од банката или од друг давач на кредитот дека во висината на дадениот кредит ќе ги врши исплатите, ако инвеститорот тие исплати не ги изврши, може да побара од банката односно од другиот давач на гаранцијата да му ги исплати втасаните побарувања спрема инвеститорот за извршените работи во неоспорениот износ. Ако банката или другиот давач на гаранцијата не постапи по барањето на изведувачот, правата на инвеститорот од договорот за гаранција преминуваат врз изведувачот до висината на неговите втасани, а ненамирени побарувања спрема инвеститорот и тој е должен да ги преземе потребните мерки заради наплата на своето побарување.

Член 95

Инвеститорот е должен, на начинот пропишан во член 93 од овој закон, да обезбеди плаќање и на вишокот на работите, на дополнителните и непредвидените работи за изградба на инвестициониот објект, како и на другите трошоци што имаат влијание врз зголемувањето на вкупната вредност на инвестициониот објект (пречекорувања).

Член 96

Инвеститорот и другите содоговарачи од член 55, став 5 на овој закон, како и банката односно другиот давач на кредитот, кои од своите или други средства му дале на инвеститорот кредит за финансирање изградбата на инвестициониот објект, се должни да ја утврдат вредноста на пречекорувањата од член 95 на овој закон во текот на изведувањето на договорените работи за изградба на тој објект, и тоа најмалку еднаш годишно.

При утврдување на пречекорувања според став 1 на овој член, ќе се земе предвид и вредноста на работите за чие изведување инвеститорот не склучил договор, заради утврдување на фактичката вредност за финансирање изградбата на целиот инвестиционен објект односно негов дел.

За пречекорувањата утврдени според став 1 и 2 на овој член, инвеститорот е должен да ја извести писмено Службата на општественото книговодство во рок од десет дена од денот кога се утврдени тие пречекорувања.

Ако во текот на годината немало пречекорувања, инвеститорот е должен за тоа писмено да ја извести Службата на општественото книговодство до крајот на февруари следната година.

За односите настанати во врска со пречекорувањата утврдени според став 1 на овој член, инвеститорот и другите договарачи склучуваат писмен договор (член 55 од овој закон).

Член 97

Инвеститорот е должен да ѝ поднесе на Службата на општественото книговодство докази за обезбедувањето на плаќањата по договорите склучени според одредбите од член 55 и член 96 на овој закон, на начинот определен во член 93 и 95 на овој закон и тоа:

1) по договорите склучени според член 55 на овој закон — десет дена пред истекот на рокот договорен за започнување градењето на инвестициониот објект односно за изведување на договорените работи на инвестициониот објект,

2) по договорот склучен според член 96, став 4 на овој закон во рок од десет дена од денот на склучувањето на тој договор.

Ако пречекорувањата, утврдени според член 96, став 1 и 2 на овој закон претставуваат пречекорувања и во однос на вкупниот износ на средствата предвидени за изградба на целиот инвестиционен објект односно негов дел, инвеститорот е должен да обезбеди средства за финансирање на работите за чие изведување не се склучени договори, на начинот определен во член 91 на овој закон, и во висина на вредноста на пречекорувањата која не е обезбедена според став 1 на овој член, како и да ѝ поднесе на Службата на општественото книговодство докази за обезбедувањето на тие средства.

Член 98

Службата на општественото книговодство може, по налог на инвеститорот, да изврши исплата која се однесува на инвестиционен објект само ако средствата за финансирање изградбата на тој инвестиционен објект се обезбедени на начин пропишан во член 91 на овој закон и ако плаќањето по договорите за изградба на инвестициониот објект е обезбедено на начин пропишан во член 93 на овој закон.

Член 99

Организацијата на здружен труд која со инвеститорот склучила договор според одредбите од член 55 и член 96 на овој закон, не смее да пристапи кон изведување на работите што се предмет на тој договор пред да му обезбеди на инвеститорот плаќање по тој договор на начинот определен во член 93 и 95 на овој закон.

Член 100

Одредбите од член 90 до 99 на овој закон важат и за плаќањето на обврските на инвеститорите по договорите за набавка на уреди, постројки, опрема и елементи за конструкциите што се изградуваат по порачка.

## IX — НАДЗОР

Член 101

Надзор над работата на инвеститорите и на другите учесници во изградбата на инвестициони објекти, подразбирајќи ја тука и изградбата на инвестициони објекти за пазарот, во поглед на примената на одредбите на овој закон и на прописите

донесени врз основа на него, како и на другите технички прописи и стандарди, вршат органите надлежни за работата на соодветните технички инспекции (градежната, електроенергетската, на парните котли, рударската и други), ако со посебни прописи не е поинаку определено.

Член 102

Органите на техничката инспекција имаат право:

1) да наредат неправилностите што ќе ги утврдат да се отстранат во рокот што ќе го определат,

2) да наредат да се запре натамошното градење на инвестиционият објект:

а) ако инвестиционият објект се гради без одобрение за градба,

б) ако градењето на инвестиционият објект не се врши според инвестиционата техничка документација, врз основа на која е издадено одобрението за градење, а таквото градење може да ја доведе во прашање стабилноста и постојаноста на инвестиционият објект, животот и здравјето на луѓето или безбедноста на сообраќајот и на соседните објекти,

в) ако не се отстранат утврдените неправилности во рокот што тие го определиле (точка 1),

3) да наредат инвестиционият објект или негов дел да се урне односно отстрани и да се воспостави поранешна состојба, без оглед на тоа дали е или не е прибавено одобрение за градење на тој објект, ако утврдат недостатоци или неправилности во градењето поради кои постои опасност по: стабилноста на објектот, безбедноста на објектот од пожар и безбедноста на животот или здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти и околината, и тие недостатоци и неправилности не можат да се отстранат,

4) органот на техничката инспекција е должен, по барање од Службата на општественото книговодство, да го запре натамошното градење ако инвеститорот не обезбедил средства за финансирање изградбата на инвестиционият објект односно ако не постапил според одредбите на член 97 од овој закон, и за тоа писмено да ја извести Службата во рок од 15 дена од денот на приемот на тоа барање.

Кога органот на техничката инспекција донесе решение за запирање на натамошното градење на објектот во смисла на точка 2 под а) од овој член, должен е за тоа да го извести надлежниот орган за издавање на одобрение за градење.

Надлежниот орган за издавање на одобрение, ако установи дека објектот не се гради под условите пропишани за изградба на инвестиционият објект на определено земјиште, или установи битни недостатоци и неправилности спротивни на техничките прописи, стандардите, хигиено-техничките мерки и сл., ќе донесе решение за уривање на објектот.

Член 103

Жалбата против решението од член 101 на овој закон не го задржува извршувањето на решението ако е тоа решение донесено поради тоа што постои непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти или околината, а таа опасност не може да се отстрани со други мерки, или поради тоа што објектот не се гради под условите пропишани за изградба на инвестиционият објект на определено земјиште, а тие недостатоци не можат да се отстранат, иако е во решението определено дека жалбата не го задржува извршувањето на решението.

X — КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 104

Со парична казна до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружен труд или друго правно лице што според одредбите на овој закон се појавува во својство на инвеститор ако:

1) не чува еден комплетен примерок од инвестиционата техничка документација, со сите измени и дополнувања, врз основа на која е изграден инвестиционият објект (член 25),

2) изработката на инвестиционата техничка документација ѝ ја отстапи на организација на здружен труд која не е регистрирана за изработка на соодветен вид инвестициона техничка документација (член 44) или ако таа документација ја изработува само за свои потреби спротивно на пропишаните услови (член 45 став 1),

3) градењето на инвестиционият објект ѝ го отстапи на организација која не е регистрирана за вршење на односната дејност односно на друга организација која нема со договор обезбедена деловна соработка со организацијата регистрирана за вршење на таа дејност (член 55 став 1 и 3),

4) гради инвестиционен објект односно изведува одделни работи само за свои потреби спротивно на пропишаните услови (член 56),

5) изградбата на инвестиционият објект, која се отстапува по пат на јавно наддавање или собирање на понуди, не ѝ ја отстапи на онаа организација чија понуда е најповолна (член 62 став 2),

6) изградбата на инвестиционият објект ја отстапи по пат на собирање на понуди, а претходно не е одржан конкурс за подобноста на изведувачките организации (член 67 став 1),

7) на пропишаниот начин не обезбеди средства за финансирање изградбата на инвестиционият објект односно докази за обезбедување на средствата за финансирање на тој објект (член 90 и 91), и

8) не ја извести Службата на општественото книговодство дека во текот на годината немало пречекорување (член 96 став 4).

Со парична казна до 3.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго правно лице.

Член 105

Со парична казна до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд ако:

1) изработува инвестициона техничка документација за која не е регистрирана (член 44), и

2) при изработката на инвестиционата техничка документација не постапи според одредбите од член 47, став 1 на овој закон.

Со парична казна до 3.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 106

Со парична казна до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд или друго правно лице што гради инвестиционен објект ако:

1) кон градење на инвестиционият објект пристапи пред да е дадено одобрение за градење или пред да се обезбедени финансиски средства за тоа градење (член 21),

2) не ги води соодветните книги за градењето на објектот од кои може да се утврди текот и начинот на градењето на објектот и на одделни фази на неговото градење (член 71),

3) гради инвестиционен објект, а не е регистрирана за односниот вид на дејност (член 55 став 1),

4) раководењето со градењето на одделни видови објекти односно со изведувањето на одделни видови работи на тие објекти, или раководењето со градењето на особено сложени или специфични инвестициони објекти односно со изведувањето на одделни работи, или вршењето на стручен надзор над градењето на тие објекти односно над изведувањето на одделни работи на тие објекти му го довери на лице кое не ги исполнува пропишаните услови (член 59),

5) при градењето на инвестициониот објект не постапи според одредбите на член 69 од овој закон,

6) во инвестиционата техничка документација, според која го гради инвестициониот објект, забележи недостатоци што ја загрозуваат сигурноста на објектот или животите или здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти или околината, а за тие недостатоци не го предупреди навремено инвеститорот (член 70),

7) пристапи кон изведување на работите што се предмет на договорот од член 55, став 5 односно од член 96, став 4 на овој закон пред да го обезбедил инвеститорот плаќањето според тие договори (член 93, 95 и 99), и

8) ако не побара од банката или другиот давач гаранција за исплата на втасаните побарувања спрема инвеститорот за извршените работи во неоспорениот износ што не му ги намирил инвеститорот, или ако не преземе потребни мерки за наплата на своето побарување (член 94, став 3).

Со парична казна до 5.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго правно лице.

Член 107

Со парична казна до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап банката ако по барање на изведувачот на работите од член 94, став 2 на овој закон не му даде кредит на инвеститорот согласно договорот за гаранцијата.

Со парична казна до 3.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во банката.

Член 108

Со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд и друго правно лице кое според одредбите на овој закон се појавува во својство на инвеститор ако:

1. не врши постојан стручен надзор над изградбата на особено сложени или специфични инвестициони објекти (член 73),

2. изработува инвестициона техничка документација само за свои потреби спротивно на пропишаните услови (член 50),

3. не воспостави соодветна стручна служба за набљудување на објектите за кои ова набљудување е задолжително (член 75), и

4. ако не постапи согласно со член 87, став 3 од овој закон.

Со парична казна до 3.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 109

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице кое според одредбите од овој закон се појавува во својство на инвеститор ако:

1) изградениот инвестиционен објект или негов дел кој претставува економско-техничка целина или објектите што се сметаат за претходни или подготвителни работи за чие изведување било потребно одобрение за градење (член 27 став 3), започне да ги користи односно ги пушти во погон пред да е издадено решение за употреба (член 37 став 2),

2) во актот за прифаќање на понудата не ги наведе причините поради кои таа понуда ја оценила како најповолна и тој акт не им го достави на сите учесници во јавното наддавање односно во собирањето на понуди во пропишаниот рок (член 62 став 5),

3) во огласот за одржување на јавно наддавање или за собирање на понуди не наведе кои работи се отстапуваат, под кои услови се отстапуваат, местото на изведувањето на тие работи, ориентационата цена на тие работи, рокот за нивното изведување, рокот за поднесување на понудите и рокот во кој ќе ги извести учесниците дали и која од понудите поднесени во постапката за јавно наддавање односно собирање на понуди ја прифатила (член 64),

4) при утврдување на условите за отстапување на изградбата на инвестициониот објект односно на изведувањето на одделни работи не им обезбеди рамноправно учество во јавното наддавање односно на конкурсот за подобност на сите изведувачки организации регистрирани за вршење на дејноста во која спаѓаат работите што се предмет на јавното наддавање односно на собирањето на понуди (член 65 став 1 и 2),

5) не се придржува за пропишаната постапка за отстапување по пат на јавно наддавање односно за собирање на понуди врз основа на конкурс за подобност (член 68),

6) во пропишаниот рок не ја извести писмено Службата на општественото книговодство за започнувањето на градењето на објектот односно за изведувањето на работите и не ѝ поднесе истовремено докази за обезбедување на средства за финансирање изградбата на објектот односно за изведување на работите (член 92 и 97), и

7) за пречекорувањата утврдени според одредбите на член 96 став 1 и 2 на овој закон во пропишаниот рок не ја извести писмено Службата на општественото книговодство кога тие пречекорувања се утврдени (член 96 став 3).

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организација на здружен труд или во друго правно лице.

Член 110

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице што изработило инвестициона техничка документација ако на таа документација не потврди дека е извршена внатрешна контрола (член 47 став 2).

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго правно лице.

Член 111

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице кое според одредбите на овој закон се појавува во својство на изведувач ако не му го пријави на органот што го издал одобрението за градење денот на започнувањето на работите за градење на инвестициониот објект најдоцна 8 дена пред неговиот почеток (член 31).

Со парична казна од 1.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго правно лице.

## XI — ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 112

Лица што добиле овластување односно стекнале право за изработување на инвестиционо-техничка документација според досегашните прописи, можат, по влегувањето во сила на овој закон да ги вршат работите за кои добиле овластување односно стекнале право.

Лица што добиле овластување односно стекнале право на раководење со градба и вршење на стручен надзор според постојните прописи, можат, по влегувањето во сила на овој закон, да ги вршат работите за кои добиле овластување односно стекнале право.

Член 113

Се овластува републичкиот секретар за индустрија и трговија да може да донесе: прописи за техничките нормативи и условите што ќе се при-

менуваат при проектирањето, изведувањето, одржувањето и техничкиот преглед на индустриските, електроенергетските, рударските и градежните објекти и уреди, технички прописи за градежните материјали, конструкции, работи и објекти, технички прописи во рударството, како и други стручни норми и мерки во областа на изградбата и одржувањето на инвестиционите објекти.

Прописите донесени врз основа на став 1 од овој член ќе се применуваат и на објектите што ги градат граѓаните и граѓанско-правните лица, чија изградба се регулира со прописи на општините.

Член 114

Органите што се овластени да донесат поблиски прописи за спроведување на одредбите на овој закон, се должни тие прописи да ги донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 115

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 35/67).

Член 116

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

365.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за наследувањето, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 25 септември 1973 година.

Број 03-2316
28 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Глава прва

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Остварување на наследното право**

Член 1

Наследното право во Социјалистичка Република Македонија се остварува според одредбите на овој закон.

**Предмет на наследувањето**

Член 2

Да се наследуваат можат ствари и права што им припаѓаат на поединци.

**Наследување на недвижности и средства за работа**

Член 3

Со наследувањето не можат да се задржат во сопственост недвижности и средства за работа во поголем обем отколку што е пропишано со закон.

**Рамноправност во наследувањето**

Член 4

Граѓаните, под исти услови, се рамноправни во наследувањето.

**Наследување во случај на вонбрачно сродство и потполно посвојување**

Член 5

Вонбрачното сродство во поглед на наследувањето се изедначува со брачното, а сродството создадено со потполното посвојување со крвното сродство.

При потполното посвојување престануваат меѓусебните наследни права на посвоеникот и неговите потомци со неговите крвни роднини.

**Наследни права на странци**

Член 6

Странските државјани ги имаат во Социјалистичка Република Македонија, под услови на примена на начелото на реципроцитет, истите наследни права како и домашните државјани.

**Основи за повикување на наследство**

Член 7

Да се наследува може врз основа на закон и врз основа на тестамент.

**Располагање со тестамент**

Член 8

Завештателот може со тестамент да располага со својот имот на начинот и во границите определени со овој закон.

**Оставина без наследник**

Член 9

Оставината без наследник станува општествена сопственост.

Глава втора

## НАСЛЕДУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ЗАКОН

### I. ЗАКОНСКИ НАСЛЕДНИЦИ

**1. Наследни редови**

*Круг на законските наследници*

Член 10

Врз основа на закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

Овие лица наследуваат според наследните редови.

Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Меѓу себе се наследуваат и чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и други лица, под условите и на начин определен со овој закон.

**а) Прв наследен ред**

*Потомците и брачниот другар на умрениот*

Член 11

Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар.

Тие наследуваат еднакви делови.

*Право на претставување*

Член 12

Делот од оставината што би му припаднала на порано умреното дете да го надживеало оставителот го наследуваат неговите деца, внуците на оставителот, на еднакви делови, а ако некој од внуците умрел пред оставителот, тогаш делот што би му припаднал да бил жив во моментот на смртта на оставителот го наследуваат неговите деца, правнуците на оставителот, на еднакви делови, и така редум сè додека има потомци од оставителот.

*Намалување на делот на брачниот другар*

Член 13

Кога има деца на оставителот кои не потекнуваат од бракот со надживеаниот брачен другар, а имотот на овој брачен другар изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови, тогаш на секое дете на оставителот му припаѓа двапати поголем дел отколку на брачниот другар.

**б) Втор наследен ред**

*Родителите и брачниот другар на умрениот*

Член 14

Оставината на умрениот кој не оставил потомци ја наследуваат неговите родители и неговиот брачен другар.

Родителите на умрениот наследуваат една половина од оставината на еднакви делови, а втората половина ја наследува брачниот другар на умрениот.

Ако по умрениот не останал брачен другар, родителите на умрениот ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

*Браќата и сестрите на умрениот и нивните потомци*

Член 15

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследуваат неговите деца (браќата и сестрите на оставителот), неговите внуци и правнуци и неговите натамошни потомци, според правилата што важат за случајот кога умрениот го наследуваат неговите деца и другите потомци.

Ако двајцата родители на оставителот умреле пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал на секој од нив да го надживеал оставителот го наследуваат потомците, како што е предвидено во став 1 на овој член.

Во сите случаи браќата и сестрите на оставителот само по таткото го наследуваат на еднакви делови татковиот дел од оставината, браќата и сестрите само по мајката го наследуваат на еднакви делови мајчиниот дел, а родените браќа и сестри го наследуваат на еднакви делови со браќата и сестрите по таткото татковиот дел, а со браќата и сестрите по мајката мајчиниот дел.

*Ако едниот родител умрел без потомство*

Член 16

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, а не оставил ниеден потомок, делот на оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследува другиот родител, а ако и овој умрел пред оставителот, неговите потомци го наследуваат она што би им припаднало и на едниот и на другиот родител, како што е предвидено во член 15 од овој закон.

*Ако обата родители умреле без потомство*

Член 17

Ако обата родители на оставителот умреле пред оставителот, а не оставиле ниеден потомок, целата оставина ја наследува надживеаниот брачен другар на оставителот.

**в) Трет наследен ред**

*Дедовците и бабите на умрениот*

Член 18

Оставината на умрениот што не оставил ниту потомци, ниту родители, ниту овие оставиле некој потомок, ниту брачен другар, ја наследуваат неговите дедовци и баби.

Едната половина од оставината ја наследуваат дедото и бабата по татко, а другата половина дедото и бабата по мајка.

*Право на дедото и бабата од иста лоза*

Член 19

Дедото и бабата од иста лоза наследуваат на еднакви делови.

Ако некој од предците од една лоза умрел пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследуваат неговите деца, неговите внуци и неговите натамошни потомци, според правилата што важат за случај кога умрениот го наследуваат неговите деца и другите потомци.

Во сè друго за наследното право на дедото и бабата од една лоза и нивните потомци важат правилата според кои наследуваат родителите на оставителот и нивните потомци.

*Ако дедото и бабата од една лоза умреле без потомство*

Член 20

Ако дедото и бабата од една лоза умреле пред оставителот, а не оставиле ниеден потомок, делот од оставината што би им припаднал да го надживеале оставителот го наследуваат дедото и бабата од другата лоза, нивните деца, нивните внуци и нивните натамошни потомци, како што е предвидено во член 19 од овој закон.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕКОИ НАСЛЕДНИЦИ

**а) Посвоеници**

Член 21

При непотполното посвојување остануваат зачувани правата на наследување меѓу посвоеникот и неговите роднини, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Доколку наследните права на посвоеникот не се ограничени или исклучени посвоеникот и неговите потомци ги имаат спрема посвоителот истите наследни права како и децата на посвоителот и другите негови потомци, а посвоителот спрема посвоеникот и неговите потомци има наследни права како родител на посвоеникот. Во тој случај, доколку посвоителот е жив, родителите на посвоеникот и нивните потомци и предци не го наследуваат посвоеникот.

При непотполното посвојување посвоеникот и неговите потомци не ги наследуваат посвоителовите роднини, неговиот брачен другар, ниту другите негови посвоеници, а роднините на посвоителот не се законски наследници на посвоеникот.

Доколку наследните права на посвоеникот биле ограничени или исклучени, посвоителот не е законски наследник на посвоеникот.

Член 22

Ако едниот од родителите на посвоеникот е брачен другар на посвоителот, посвојувањето не влијае врз заемните права на наследување меѓу посвоеникот и тој родител и неговите потомци и предци.

Член 23

Посвоеникот и неговите потомци не можат да го наследат посвоителот ако посвоителот поднел барање за престанок на посвојувањето, а по неговата смрт се утврди дека барањето било основано.

**б) Брачниот другар**

*Кога брачниот другар го губи правото на наследување*

Член 24

Правото на наследување меѓу брачните другари престанува со разводот на бракот и со поништувањето на бракот.

Брачниот другар нема право на наследство:

1) ако оставителот поднел тужба за развод на бракот, а по смртта на оставителот се утврди дека тужбата била основана,

2) ако неговиот брак со оставителот биде поништен, по смртта на оставителот, од причини за чие постоење надживеаниот брачен другар знаел во времето на склучувањето на бракот;

3) ако неговата заедница на животот со оставителот трајно престанала по негова вина или во спогодба со оставителот.

Со разводот и со поништувањето на бракот брачниот другар го губи правото да ги бара користите за него, предвидени во тестамент или во некое друго располагање во случај на смрт, направени пред разводот односно поништувањето на бракот од неговиот поранешен брачен другар.

*Зголемување на наследниот дел на брачниот другар*

Член 25

Кога брачниот другар кој нема нужни средства за живот е повикан на наследство со наследниците од вториот наследен ред, судот може, по барање од брачниот другар, да одлучи брачниот другар да наследи и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследат другите наследници, а може да одлучи и брачниот другар да ја наследи целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба брачниот другар би западнал во скудност.

При одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на брачниот другар, имотните прилики на другите наследници и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.

**в) Родители**

*Зголемување на наследниот дел на родителите*

Член 26

Кога родителите кои немаат нужни средства за живот се повикани на наследство со брачниот другар на оставителот, судот може, по нивно барање, да одлучи да наследат и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследи брачниот другар, а може да одлучи родителите да ја наследат целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба родителите би западнале во скудност.

Ако меѓу родителите на оставителот заедницата на животот трајно престанала, а само едниот родител нема нужни средства за живот, тој може да бара да се зголеми наследниот дел како спрема брачниот другар така и спрема другиот родител на оставителот.

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, надживеаниот родител, кој нема нужни средства за живот, може да бара да се зголеми неговиот наследен дел и спрема наследниците на умрениот родител на оставителот.

При одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на родителите, имотните прилики на брачниот другар односно на наследниците на умрениот родител и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.

**г) Лица што живееле во трајна заедница**

Член 27

Чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и лица кои се крвни роднини, кои живееле во трајна заедница, заемно се наследуваат под услов умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред, и родители и браќа и сестри. Во овој случај овие лица ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Кога на наследство се повикани родителите односно браќата и сестрите на оставителот, лицата од став 1 на овој член наследуваат една половина од оставината на еднакви делови, а другата половина ја наследуваат родителите односно браќата и сестрите на оставителот по право на претставување.

Трајна заедница во смисла на одредбите од овој член е онаа заедница која траела најмалку пет години и тоа непрекинато од засновувањето на односите од овој член па сè до смртта на оставителот.

Чуваник во смисла на овој закон е дете што некое лице (хранител) го довело кај себе да го чува и одгледува како свое, а не го посвоило.

## II. НУЖНИ НАСЛЕДНИЦИ

**1. Нужни наследници и нужен и расположлив дел на оставината**

*Кои се нужни наследници*

Член 28

Нужни наследници се: децата на оставителот, неговите посвоеници и неговиот брачен другар.

Потомците на децата на оставителот и на неговиот посвоеник се нужни наследници само ако во моментот на смртта на оставителот живееле во заедница со него или ако тој ги издржувал.

Родителите на оставителот и неговите браќа и сестри се нужни наследници само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот.

Лицата наведени во овој член се нужни наследници кога според законскиот ред на наследување се повикани на наследство.

*Нужен и расположлив дел*

Член 29

Нужните наследници имаат право на дел од оставината со кој оставителот не може да располага и кој се вика нужен дел.

Нужниот дел изнесува една половина од оној дел што на секој наследник би му припаднал според законскиот ред на наследувањето, без оглед на тоа што некој од нужните наследници не бара дел од оставината.

Со остатокот од оставината завештателот може да располага според својата волја и тој дел од оставината се вика расположлив дел.

*Нужниот дел како наследно право*

Член 30

На нужниот наследник му припаѓа определен дел од секоја ствар и од правата што ја сочинуваат оставината, но завештателот може да определи нужниот наследник да го прими својот дел и во определени ствари, права или во пари.

**2. Пресметување на нужниот и расположливиот дел, намалување на располагањето со тестамент и враќање на подароците**

**а) Пресметување на нужниот и расположливиот дел**

*Утврдување вредноста на оставината*

Член 31

Вредноста на оставината врз основа на која се пресметува нужниот дел се утврдува на следниот начин:

— претходно се врши попис и процена на добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта, сметајќи го тука и сето она со што располагал со тестаментот, како и сите негови побарувања, па и оние што ги има спрема некој наследник, освен побарувањата што се очигледно ненаплатливи;

— од утврдената вредност на добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта се одбива износот на оставителовите долгови, износот на трошоците на пописот и проценката на оставината и трошоците на закопот на оставителот;

— на така добиениот остаток се додава вредноста на сите подароци што му ги направил оставителот на каков и да било начин на некој законски наследник, па и на подароците направени на наследниците што се откажуваат од наследството, како и на оние подароци за кои оставителот наредил да не му се засметуваат на наследникот во неговиот наследен дел;

— на тоа се додава и вредноста на подароците што им ги направил оставителот во последната година од својот живот на другите лица што не се законски наследници, освен помалите вообичаени подароци.

Нема да се зема во оваа сметка и нема да се додава вредноста на подароците дадени на општествено-политичка заедница, организација на здружен труд или друга организација, општествено-политичка организација или здружение на граѓани, ниту на подароците дадени за постигање на општокорисни цели, како ни на подароците кои врз основа на самиот закон не му се засметуваат на наследникот во неговиот наследен дел.

*Што се смета за подарок*

Член 32

Како подарок во смисла на овој закон се смета и откажување од права, простување на долг, она што оставителот му го дал на наследникот за време на својот живот на име наследен дел или заради основање или проширување на домаќинството, или заради вршење на занимање, како и секое друго располагање без надоместок.

*Определување вредноста на подароците*

Член 33

При проценувањето на подароците се зема вредноста на подарената ствар во моментот на смртта на оставителот, а според нејзината состојба во времето на подарувањето.

*Кога подарокот се состои во осигурување*

Член 34

Кога подарокот се состои во осигурување во корист на примателот на подарок, како вредност на подарокот ќе се зема збирот на премиите што ги уплатил оставителот, ако тој збир е помал од осигурената сума; а ако збирот на премиите е поголем од осигурената сума, како вредност на подарокот ќе се зема износот на осигурената сума.

**б) Имот што се издвојува од оставината**

*Издвојување во корист на лицата што стопанисувале со оставителот*

Член 35

Лицата што живееле во заедница со оставителот и со својот труд, заработка или на друг начин му помагале во стопанисувањето, имаат право да бараат од оставината да им се издвои делот кој одговара на нивниот придонес во зголемувањето вредноста на имотот на оставителот.

Издвоениот дел од оставината од претходниот став не спаѓа во оставината, не се зема предвид при пресметувањето на нужниот дел, ниту му се засметува на наследникот во неговиот наследен дел.

*Издвојување предмети на домаќинството*

Член 36

На лицата што живееле со оставителот во исто домаќинство им припаѓаат предметите на домаќинството што служат за задоволување на нивните секојдневни потреби, како што се покуќнина, мебел, постелина и слично, освен предметите од позначителна вредност.

Издвоените предмети не се земаат предвид при пресметувањето на нужниот дел, ниту му се засметуваат на наследникот во неговиот наследен дел.

**в) Намалување на располагањата со тестаментот и враќање на подароците поради повреда на нужниот дел**

*Повреда на нужниот дел. Подароци и располагања со тестаментот извршени во корист на нужните наследници*

Член 37

Кога е повреден нужниот дел, располагањата со тестаментот ќе се намалат, а подароците ќе се вратат колку што е потребно, за да се дополни нужниот дел.

Нужниот дел е повреден кога вкупната вредност на располагањата со тестаментот и на подароците го надминува расположливиот дел.

При утврдувањето на вкупната вредност на тестаменталните располагања и на подароците се земаат предвид и оние подароци и располагања со тестаментот за кои оставителот наредил да не му се засметуваат на нужниот наследник во неговиот наследен дел.

Од овие подароци и тестаментални располагања што му се засметуваат на нужниот наследник во неговиот наследен дел при утврдувањето на вкупната вредност на тестаменталните располагања и на подароците се зема предвид само онолку за колку го надминуваат тие неговиот нужен дел.

*Ред на намалувањето и враќањето*

Член 38

Кога е повреден нужниот дел, прво се намалуваат располагањата со тестаментот, па доколку нужниот дел со тоа не би бил намирен, тогаш се враќаат подароците.

*Сразмерно намалување на располагањата со тестаментот. Привилегиран легат*

Член 39

Располагањата со тестамент се намалуваат во иста сразмера без оглед на нивната природа и на нивниот обем, и без оглед на тоа дали се наоѓаат во еден или повеќе тестаменти, ако од тестаментот не произлегува нешто друго.

Ако завештателот оставил повеќе легати и наредил некој легат да се исплати пред другите, тој легат ќе се намали само доколку вредноста на другите легати не достасува да се намири нужниот дел.

*Сразмерно намалување на легатите наложени на тестаменталниот наследник или на легатарот*

Член 40

Тестаменталниот наследник чиј наследен дел би морал да биде намален за да се дополни нужниот дел, може да бара сразмерно намалување на легатите што треба да ги исплати тој, ако од тестаментот не произлегува нешто друго.

Претходниот став ќе се примени и во случај кога завештателот ќе му наложи на легатарот да исплати нешто од неговиот легат.

*Ред за враќање на подароците*

Член 41

Враќањето на подароците се врши почнувајќи од последниот подарок и оди натаму обратно од редот по кој се дадени подароците.

Подароците дадени едновремено се враќаат сразмерно.

*Положбата на примателот на подарок кој го враќа подарокот*

Член 42

Во поглед на подарената ствар што е должен да ја врати примателот на подарокот се смета како совесен држател до денот кога разбрал за барањето за враќање на подарокот.

*Кој може да бара намалување на располагањето со тестаментот и враќање на подароците*

Член 43

Намалување на располагањата со тестаментот и враќање на подароците со кои е повреден нужниот дел можат да бараат само нужните наследници.

*Застареност на тужбата*

Член 44

Намалување на располагањата со тестамент може да се бара во рок од три години од прогласувањето на тестаментот, а враќањето на подароците во рок од три години од смртта на оставителот, односно од денот кога решението за неговото прогласување за умрен, односно решението со кое се докажува неговата смрт станало правосилно.

**3. Исклучување на нужните наследници од наследството и лишување од нужниот дел во корист на потомците**

а) Исклучување на нужните наследници

*Причини за исклучување*

Член 45

Завештателот може да исклучи од наследство наследник кој има право на нужен дел:

1) ако потешко се огрешил спрема оставителот со повреда на некоја законска или морална обврска;

2) ако со смисленост сторил некое потешко кривично дело спрема него или неговиот брачен другар, дете или родител;

3) ако сторил кривично дело управено кон поткопување на власта на работничката класа и на работните луѓе, независноста на земјата, нејзината одбранбена сила или социјалистичката изградба;

4) ако се оддал на неработење и нечесен живот.

Исклучувањето од наследство може да биде целосно или делумно.

*Услови за полноважност на исклучувањето*

Член 46

Завештателот што сака да исклучи некој наследник мора тоа да го изрази во тестаментот на несомнен начин, а корисно е да го наведе и основот за исклучување.

Основот за исклучување мора да постои во времето на составување на тестаментот.

Во случај на спор за основаноста на исклучувањето должноста за докажување дека исклучувањето е основано лежи на оној што се повикува на исклучувањето.

*Последици на исклучувањето*

Член 47

Со исклучувањето наследникот ги губи наследните права во мерката во која е исклучен, а правата на другите лица што можат да го наследат оставителот се определуваат како да умрел исклучениот пред оставителот.

б) Лишување од нужниот дел во корист на потомците

Член 48

Ако потомокот кој има право на нужен дел е презадолжен или е растурач, завештателот може да го лиши во целост или делумно од неговиот нужен дел во корист на неговите потомци.

Ова лишување останува полноважно само ако во моментот на отворањето на наследството лишениот има малолетно дете или малолетен внук од порано умреното дете, или има полнолетно дете или полнолетен внук од порано умреното дете кои се неспособни за стопанисување.

## III. ЗАСМЕТУВАЊЕ НА ПОДАРОЦИТЕ И НА ЛЕГАТИТЕ ВО НАСЛЕДНИОТ ДЕЛ

*Засметување на подароците на законскиот наследник*

Член 49

На секој законски наследник му се засметува во наследниот дел сето она што го добил на подарок од оставителот на каков и да било начин.

Плодовите и другите користи што ги имал наследникот од подарената ствар сè до смртта на оставителот не се засметуваат.

Подарокот не се засметува ако оставителот во времето на подарувањето или подоцна, или во тестаментот, изјавил дека подарокот нема да се засмета во наследниот дел, или од околностите може да се заклучи дека тоа била волјата на оставителот.

Притоа остануваат во важност одредбите за нужниот дел.

*Засметување на легатот на законскиот наследник*

Член 50

Легатот оставен на законскиот наследник му се засметува во неговиот наследен дел, освен ако од тестаментот произлегува дека завештателот сакал наследникот да добие легат покрај својот дел.

*Како се врши засметување на подароците и легатите*

Член 51

Засметувањето се врши на тој начин што другите наследници добиваат од оставината соодветна вредност, па дури потоа остатокот на оставината се дели меѓу сите наследници.

Ако добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта не се доволни за да добијат другите наследници соодветна вредност, наследникот на кого му се врши засметување не е должен да им врати нешто од она што го добил тој.

Притоа остануваат во важност одредбите за нужниот дел.

*Право на наследникот на кој подарокот или легатот не му се засметува*

Член 52

Кога според волјата на оставителот подарокот или легатот не треба да му се засмета на наследникот во неговиот наследен дел, таквиот наследник го задржува подарокот односно легатот и учествува со другите наследници во делбата на оставината како подарок односно легат да немало.

Кога има нужни наследници, а според волјата на оставителот, подарокот или легатот не треба да му се засмета на некој наследник во неговиот наследен дел, тој наследник ќе може да го задржи подарокот односно легатот во границите на расположливиот дел.

*Право на наследникот што се откажал од наследството*

Член 53

Наследникот што се откажал од наследството го задржува подарокот во границите на расположливиот дел.

Тој има право да бара да се исполни легатот само во границите на расположливиот дел.

*Право на враќање на подарокот*

Член 54

Наследникот има право стварта што му е подарена да ѝ ја врати на оставината.

Во тој случај нејзината вредност нема да му се засметува во наследниот дел, а во поглед на трошоците што ги сторил за стварта и во поглед на оштетувањата што таа ги претрпела тој ќе се смета како совесен држател, додека неговата несовесност не биде докажана.

*Определување вредноста на подароците при засметувањето*

Член 55

При засметувањето на подароците на наследникот во наследниот дел се зема вредноста на подарената ствар во моментот на смртта на оставителот, а според нејзината состојба во времето на подарувањето.

*Кога подарокот се состои во осигурување*

Член 56

Кога подарокот се состои во осигурување во корист на примателот на подарок, како вредност на подарокот ќе се земе збирот на премиите што ги уплатил оставителот, ако тој збир е помал од осигурената сума, а ако збирот на премиите е поголем од осигурената сума, како вредност на подарокот ќе се земе износот на осигурената сума.

*Трошоците за издршка на наследникот*

Член 57

Она што е потрошено за издршка на наследникот и на негово задолжително школување нема да се засметува во неговиот наследен дел.

Дали издатоците што ги сторил оставителот за натамошно школување на наследникот ќе се засметаат во неговиот наследен дел и во која мера, ќе одлучи судот според околностите, земајќи ја предвид особено вредноста на оставината и трошоците за школувањето и оспособувањето за самостоен живот на другите наследници.

*Вообичаени помали подароци*

Член 58

Вообичаените помали подароци не се засметуваат во наследниот дел.

*Подароци дадени на лице на чие место наследникот доаѓа на наследство*

Член 59

Подароците дадени на лице на чие место наследникот доаѓа на наследство се засметуваат во наследниот дел.

*Засметување долгот од наследникот на оставителот*

Член 60

На наследникот му се засметува во неговиот дел она што му го долгувал на оставителот.

*Кој може да бара засметување*

Член 61

Правото во наследниот дел на еден наследник да се бара да се засметаат подароците и легатите им припаѓа само на неговите сонаследници.

Глава трета

## НАСЛЕДУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ТЕСТАМЕНТ

### I. УСЛОВИ ЗА ПОЛНОВАЖНОСТ НА ТЕСТАМЕНТОТ

**Способност за составување на тестамент**

Член 62

Тестамент може да состави секое лице способно за расудување што наполнило 16 години возраст.

Тестаментот е ништовен ако во времето на неговото составување завештателот немал 16 години возраст или не бил способен за расудување.

Губењето на способноста за расудување што би настапило откога е направен тестаментот не влијае врз неговата полноважност.

**Ништовност на тестамент поради недостиг на волја на завештателот**

Член 63

Ништовен е тестаментот ако завештателот бил натеран со закана или присилба да го состави или одлучил да го состави поради тоа што бил измамен или што се наоѓал во заблуда.

Заканата, присилбата или измамата повлекува ништовност на тестаментот и кога потекнува од трето лице.

Располагањата со тестамент се ништовни и кога постои заблуда за фактите што го подбудиле завештателот да ги стори тие располагања.

Ако само некои одредби од тестаментот се направени под закана или присилба, поради измама или во заблуда, тогаш само тие се ништовни.

**Поништување на тестамент поради завештателовата неспособност и поради недостиг на негова волја**

Член 64

Поништување на тестамент поради завештателовата неспособност за расудување или поради тоа што завештателот немал 16 години, како и поништување на тестамент или на одделни негови одредби поради закана или присилба, измама или заблуда, може да бара само лице што има правен интерес, и тоа во рок од една година откога разбрале за постоењето на причината за ништовност, а најдоцна за десет години од прогласувањето на тестаментот.

Рокот од една година не може да започне да тече пред прогласувањето на тестаментот.

Поништување на тестамент спрема несовесно лице може да се бара до 20 години од прогласувањето на тестаментот.

**Формата на тестаментот како услов за неговата полноважност**

Член 65

Полноважен е оној тестамент кој е составен во форма утврдена во законот и под условите предвидени со законот.

## II. ФОРМИ НА ТЕСТАМЕНТ

**Своерачен тестамент**

Член 66

Тестаментот е полноважен ако го напишал завештателот со својата рака и ако го потпишал.

За полноважност на своерачниот тестамент не е нужно, но е корисно, во него да е означен датумот кога е составен.

**Писмен тестамент пред сведоци**

Член 67

Завештателот што знае да чита и да пишува може да состави тестамент на тој начин што исправата што му ја составил некој друг своерачно ќе ја потпише во присуство на двајца сведоци, изјавувајќи пред нив дека е тоа негов тестамент.

Сведоците ќе се потпишат на тестаментот, а корисно е да се означи нивното својство на сведоци.

**Судски тестамент**

Член 68

Тестамент на завештателот, по негово кажување може да му состави судија на општински суд, кој претходно ќе го утврди идентитетот на завештателот.

Откога ќе го прочита и потпише завештателот ваквиот тестамент, судијата на самиот тестамент ќе потврди дека завештателот во негово присуство го прочитал и го потпишал.

**Судски тестамент ако завештателот не е во состојба да го прочита**

Член 69

Во случај завештателот да не е во состојба да го прочита тестаментот што му го составил судијата, овој ќе му го прочита на завештателот во присуство на двајца сведоци па тогаш завештателот во присуство на истите сведоци, ќе го потпише тестаментот, или ќе стави на него свој ракознак, откога ќе изјави дека е тоа негов тестамент.

Сведоците ќе се потпишат на самиот тестамент.

Судијата ќе потврди на тестаментот дека сите овие дејствија се извршени.

**Предавање на тестаментот на судот**

Член 70

Завештателот може своерачниот тестамент, писмениот тестамент пред сведоци и судскиот тестамент да му го довери на чување на општинскиот суд во отворена или затворена обвивка, за што судот ќе состави записник, тестаментот ќе го стави во одделна обвивка, што ќе ја запечати и ќе ја чува во судот.

**Кој може да биде сведок при составувањето на писмен тестамент пред сведоци и судски тестамент**

Член 71

При составувањето на писмен тестамент пред сведоци и судски тестамент можат да бидат сведоци полнолетни лица на кои не им е одземена деловната способност, и кои знаат да читаат и пишуваат, а при судскиот тестамент и кои го разбираат јазикот на кој е составен тестаментот.

Не може да бидат сведоци при составувањето на писмен тестамент пред сведоци и судски тестамент, ниту тестаментот да го состават по кажување на завештателот во својството на судија: потомците на завештателот, неговите посвоеници и нивните потомци, неговите предци и посвоители, неговите роднини во странична линија до четвртиот степен заклучно, брачните другари на сите овие лица и брачниот другар на завештателот.

**Располагање во корист на судија, сведоци и нивни поблиски роднини**

Член 72

Ништовни се одредбите од тестаментот со кои му се остава нешто на судијата што го составил тестаментот, на записничарот и на сведоците при неговото составување како и на предците, потомците, браќата и сестрите и на брачните другари на овие лица.

**Тестамент составен пред дипломатски или конзуларен претставник во странство**

Член 73

Полноважен е тестаментот составен од државјанин на Социјалистичка Република Македонија во странство според одредбите што важат за составување на судски тестамент од страна на конзуларен претставник или дипломатски претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што врши конзуларни работи.

**Тестамент составен на југословенски брод**

Член 74

Полноважен е тестамент составен на југословенски брод од страна на заповедникот на бродот според одредбите што важат за составување на судски тестамент.

Тестаментот кој е составен на брод престанува да важи по истекот на 30 дена по враќањето на завештателот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**Тестамент составен за време на непосредна воена опасност, мобилизација или воена состојба**

Член 75

Полноважен е тестаментот составен за време на непосредна воена опасност, мобилизација или воена состојба според одредбите што важат за составување на судски тестамент на лица на воена должност од страна на командирот на четата или некој друг старешина од неговиот или од повисок ранг, или од некое друго лице во присуство на некој од овие старешини, како и од секој старешина на одделен одред.

Вака составениот тестамент престанува да важи по истекот на 60 дена по завршувањето на воената состојба, а ако завештателот е порано или подоцна демобилизиран, по истекот на 30 дена од демобилизирањето.

**Устен тестамент**

Член 76

Завештателот може да ја изјави својата последна волја усно пред двајца сведоци само ако поради исклучителни околности не е во можност да состави писмен тестамент.

Усниот тестамент престанува да важи кога ќе поминат 30 дена од престанокот на исклучителните околности во кои е составен.

**Кој може да биде сведок при составувањето на устен тестамент**

Член 77

При составувањето на устен тестамент можат да бидат сведоци само лицата што можат да бидат сведоци при составувањето на судски тестамент, но не мораат да знаат да читаат и да пишуваат.

**Должност на сведоците при усниот тестамент**

Член 78

Сведоците пред кои завештателот усно ја изјавил својата последна волја се должни без одлагање да ја стават написмено изјавата на завештателот и што побрзо да му ја предадат на судот, или усно да ја повторат пред судот, изнесувајќи кога, каде и во кои прилики завештателот ја изјавил својата последна волја.

Извршувањето на оваа должност не е услов за полноважност на устен тестамент.

**Располагање со устен тестамент во корист на сведоците и нивните поблиски роднини**

Член 79

Ништовни се одредбите од усниот тестамент со кои им се остава нешто на сведоците при неговото составување, на нивните брачни другари, нивните предци, нивните потомци, нивните роднини во странична линија до четвртиот степен на роднинството заклучно и на брачните другари на сите овие лица.

**Поништување на тестамент поради недостиг на форма**

Член 80

Поништување на тестамент поради недостиг на форма може да бара, по отварањето на наследството, само лице што има правен интерес, и тоа во рок од една година откога разбрало за тестаментот, а најдоцна десет години од прогласувањето на тестаментот.

Рокот од една година не може да започне да тече пред прогласувањето на тестаментот.

**Докажување на уништен, загубен, скриен или зафрлен тестамент**

Член 81

Тестаментот уништен со случај или со дејствие од некое друго лице, загубен, скриен или зафрлен, по смртта на завештателот или пред неговата смрт но без негово знаење, ќе произведе дејства на полноважен тестамент ако заинтересираното лице докаже дека тестаментот постоел, дека е уништен, загубен, скриен или зафрлен, дека бил составен во форма пропишана во законот и ако ја докаже содржината на оној дел од тестаментот на кој се повикува.

## III. СОДРЖИНА НА ТЕСТАМЕНТОТ

**Определување на наследници**

Член 82

Завештателот може со тестаментот да определи еден или повеќе наследници.

Наследник врз основа на тестаментот е лице што го определил завештателот да го наследи целиот негов имот, или дел од имотот определен спрема целиот имот.

Како наследник ќе се смета и лице на кое со тестаментот му се оставени една или повеќе определени ствари или права, ако се утврди дека волјата на завештателот била тоа лице да му биде наследник.

**Супституции**

Член 83

Завештателот може со тестаментот да определи лице на кое ќе му припадне наследството ако определениот наследник умре пред него, или ако се откаже од наследството, или ако биде недостоен да наследи.

Претходниот став се однесува и на легатите.

Завештателот не може да му определи наследник на својот наследник ниту на легатарот.

**Оставање на легати**

Член 84

Завештателот може со тестаментот да остави еден или повеќе легати.

**Располагање за дозволени цели и основање на задужбина**

Член 85

Завештателот може со тестаментот да нареди некоја ствар или право или дел од оставината или целата оставина да се употреби за постигање на некоја дозволена цел.

Ако завештателот наредил основање на задужбина и ги определил средствата за постигање на нејзината цел, задужбината ќе се основа кога ќе добие одобрение од надлежниот орган.

**Оптоварување и услови**

Член 86

Завештателот може да го оптовари со некоја должност лицето на кое му остава некоја корист од оставината.

Тој може во одделни одредби на тестаментот да постави услови или рокови.

Невозможни, недозволени и неморални услови и оптоварувања, како и оние што се неразбирливи или противречни, се сметаат како да не постојат.

**Определеност на наследниците и другите корисници**

Член 87

Наследниците, легаторите и другите на кои со тестаментот им се оставени некои користи, доволно се определени ако тестаментот содржи податоци врз основа на кои може да се утврди кои се тие.

**Толкување на тестаментот**

Член 88

Одредбите од тестаментот треба да се толкуваат според вистинската намера на завештателот.

Во случај на сомневање треба да се прифати она што е поповолно за законскиот наследник или за лицето на кое со тестаментот му е наложена некоја обврска.

## IV. ЛЕГАТИ

**Содржина на легатите**

Член 89

Завештателот може со тестаментот да остави една или повеќе определени ствари или некое право на определено лице, или да му наложи на наследникот или на некое друго лице на кое нешто му остава, да му даде, од она што му е оставено, некоја ствар на определено лице, или да му исплати сума пари, или да го ослободи од некој долг, или да го издржува или воопшто во негова корист да направи нешто или да се воздржи од нешто или да трпи нешто.

Со таквото завештание, по правило, не се определува наследник; таквото завештание се вика легат, а лицето за кое е наменето се вика легатар.

**Кој е должен да го врши легатот**

Член 90

Врз основа на тестаментот легатарот има право да бара да му се изврши легатот од лицето на кое со тестаментот му е наложено да го изврши легатот.

Ако извршувањето на легатот им е наложено на неколкумина, секој одговара сразмерно со делот од оставината што го добива, освен ако од тестаментот може да се заклучи дека завештателот сакал тие да одговараат на друг начин.

Ако завештателот пропуштил да одреди кој е должен да го изврши легатот, обврската за извршување лежи на сите законски и тестаментални наследници, сразмерно со нивните наследнички делови.

**Исплата на доверителите пред легатарите**

Член 91

Доверителите на завештателот имаат право да се наплатат пред легатарите.

**Намалување на легатите и оптоварувањата**

Член 92

Наследникот не е должен да ги изврши во целост легатите чија вредност ја надминува вредноста на оној дел од наследниот имот со кој завештателот можел слободно да располага.

Истото важи за легатарот, ако вредноста на легатите или оптоварувањата што треба да ги изврши ја надминува вредноста на неговиот легат.

Во тие случаи сите легати и оптоварувања се намалуваат во иста сразмера ако завештателот не наредил нешто друго.

**Право на легатарот кога должникот на легатот не ќе наследи**

Член 93

Легатарот има право да бара да се изврши легатот и кога лицето, кое според тестаментот било должно да го изврши легатот, умрело пред завештателот, или се откажало од наследство, или е недостојно да наследи.

**Кога се гаси правото на легатарот**

Член 94

Легатот отпаѓа ако легатарот умре пред завештателот, или се откаже од легатот, или е недостоен.

Во тие случаи предметот на легатот му останува на лицето што било должно да го изврши, ако од самиот тестамент не произлегува некаква друга намера на завештателот.

Член 95

Легатот отпаѓа и кога завештателот го отуѓил или потрошил предметот на легатот или тој предмет инаку престанал да постои при животот на завештателот, или случајно пропаднал по неговата смрт.

**Одговорноста на легаторот за долговите на завештателот**

Член 96

Легаторот не одговара за долговите на завештателот.

Но завештателот може да нареди легатарот да одговара за сите или за одделни негови долгови или за дел на некој долг во границите на вредноста на легатот.

**Легат оставен на доверител**

Член 97

Кога завештателот му оставил легат на својот доверител, овој има право, покрај извршувањето на легатот, да бара и извршување на своето побарување, ако од тестаментот не произлегува дека намерата на завештателот била поинаква.

**Застарување на легатот**

Член 98

Правото да се бара извршување на легатот застарува за една година од денот кога легатарот разбрал за своето право и бил овластен да бара да се изврши легатот.

## V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ТЕСТАМЕНТОТ

**Определување извршител на тестаментот**

Член 99

Завештателот може со тестаментот да определи едно или повеќе лица за извршители на тестаментот.

Извршител на тестамент може да биде секое деловно способно лице.

Лицето определено за извршител на тестаментот не мора да ја прими таа должност.

**Должности на извршителот на тестаментот**

Член 100

Ако завештателот не определил нешто друго, должност е на извршителот на тестаментот особено да се грижи за чувањето на оставината, со неа да управува, да се грижи за исплатата на долговите и легатите, и воопшто да се грижи тестамен-

тот да биде извршен онака како што сакал завештателот.

Ако има повеќе извршители на тестаментот тие ги вршат заедно доверените им должности, освен ако завештателот не определил поинаку.

**Полагање сметка и награда на извршителот**

Член 101

Извршителот на тестаментот е должен да му положи на судот сметка за својата работа.

Тој има право на надоместок на трошоците и на награда за својот труд, кои ќе му се исплатат на товар на расположивиот дел од оставината, а според одлуката на судот.

**Отповикување на извршителот на тестаментот**

Член 102

Судот може, по предлог или по службена должност, да го отповика извршителот на тестаментот ако неговата работа не е во согласност со волјата на завештателот или со законот.

## VI. ОТПОВИКУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТОТ

**Начин на отповикување на тестаментот**

Член 103

Завештателот може секогаш да го отповика тестаментот, во целост или делумно, со изјава дадена во каква и да било форма во која според законот може да се состави тестамент.

Завештателот може да го отповика писмениот тестамент и со уништување на писменото.

**Однос на поранешниот и подоцнежниот тестамент**

Член 104

Ако со подоцнежниот тестамент изрично не се отповика поранешниот тестамент, одредбите од поранешниот тестамент остануваат во сила доколку не се во спротивност со одредбите на подоцнежниот.

Ако завештателот го уништил подоцнежниот тестамент, поранешниот тестамент повторно добива сила, освен ако се докаже дека завештателот не го сакал тоа.

**Располагање со завештан предмет**

Член 105

Секое подоцнежно располагање од страна на завештателот со определена ствар што му ја завештал некому има за последица отповикување на завештувањето на таа ствар.

Глава четврта

# НАСЛЕДНОПРАВНИ ДОГОВОРИ

## I. ДОГОВОР ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ И ЗА ИДНО НАСЛЕДСТВО ИЛИ ЛЕГАТ

**Ништовност на договорот за наследување**

Член 106

Ништовен е договорот со кој некој ја остава својата оставина или нејзин дел на свој содоговорувач или на трето лице.

**Ништовност на договорот за идно наследство или легат**

Член 107

Ништовен е договорот со кој некој го отуѓува наследството на кое се надева, како и секој договор за наследство на трето лице кое е уште живо.

Ништовен е исто така и договорот за легат или за некоја друга корист на кои еден договорувач се надева од наследство кое уште не е отворено.

**Ништовност на договорот за содржината на тестаментот**

Член 108

Ништовен е договорот со кој се обврзува некој да внесе некоја одредба во својот тестамент, или да не ја внесе, да отповика некоја одредба од својот тестамент или да не ја отповика.

## II. ОТСТАПУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ИМОТОТ УШТЕ ЗА ЖИВОТОТ

Член 109

Предокот може со договор уште за животот да им го отстапи и раздели својот имот на своите деца и на своите потомци.

**Услови за полноважност на отстапувањето и распределбата**

Член 110

Ова отстапување и распределба на имотот се полноважни само ако со тоа се согласиле сите деца и другите потомци на отстапителот кои, според законот, ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.

Договорот за отстапување и распределба на имотот мора да биде составен во писмена форма и заверен од судија.

При заверката судијата ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договорувачите на последиците на спогодбата.

Ако некој потомок не дал согласност, тој може да ја даде дополнително, во иста форма.

Отстапувањето и распределбата остануваат полноважни ако потомокот што не се согласил умрел пред оставителот, а не оставил свои потомци, или се откажал од наследството, или е исклучен од наследството, или е недостоен.

**Предмет на отстапувањето и распределбата**

Член 111

Со отстапувањето и распределбата може да биде опфатен само сегашниот имот на отстапителот, целиот или само еден негов дел.

Ништовна е одредбата со која би било предвидено како ќе се распределат добрата што ќе бидат најдени во оставината на остапителот.

**Отстапениот имот не влегува во оставината**

Член 112

Кога предокот кој уште за животот извршил отстапување и распределба на својот имот ќе умре, неговата оставина ќе ја сочинуваат само оние негови добра што не биле опфатени со отстапувањето и со распределбата, како и добрата со кои дополнително се здобил.

Добрата што ги добиле порано неговите потомци со отстапувањето или распределбата не влегуваат во неговата оставина и не се земаат предвид при утврдувањето вредноста на оставината.

**Кога се сметаат отстапените делови како подарок**

Член 113

Ако со отстапувањето и со распределбата не се согласил некој наследник, тогаш деловите од имотот што им се отстапени на другите наследници се сметаат како подароци, и со нив по смртта на предокот ќе се постапува како со подароци дадени на наследниците.

На ист начин ќе се постапи и ако на отстапителот по отстапувањето и распределбата, извршени по договорот со сите наследници, му се роди дете, или се појави наследник што бил прогласен за умрен.

**Задржување на разни права при отстапувањето и распределбата**

Член 114

При отстапувањето и распределбата отстапителот може за себе, или за својот брачен другар, или за себе и за својот брачен другар, или за некое друго лице, да го задржи правото на плодоползување на сите отстапени добра, или на некои од нив, или да договори доживотна рента во натура или во пари, или доживотна издршка, или некој друг надоместок.

Ако плодоползувањето или доживотната рента се договорени за отстапителот и за неговиот брачен другар заедно, во случај на смрт на едниот од нив плодоползувањето или рентата му припаѓа во целост на другиот до неговата смрт, ако не е нешто друго договорено, или ако нешто друго не произлегува од околностите на случајот.

**Права на брачниот другар отстапителот**

Член 115

Отстапителот со отстапувањето и со распределбата може да го опфати и својот брачен другар, во кој случај е потребна и неговата согласност.

Ако брачниот другар не биде опфатен, неговото право на нужен дел останува негибнато.

Во тој случај отстапувањето и распределбата остануваат полноважни, само, при утврдувањето на вредноста на оставината заради определување на нужниот дел на надживеаниот брачен другар, деловите на имотот на оставителот што им се отстапени на неговите потомци се сметаат како подарок.

**Долгови на отстапителот и оспорување на отстапувањето**

Член 116

Потомците меѓу кои отстапителот го разделил својот имот не одговараат за неговите долгови, ако не е нешто друго определено при отстапувањето и распределбата.

Доверителите на отстапителот можат да го оспоруваат отстапувањето и распределбата под условите предвидени за оспорување на располагањето без надоместок.

**Обврска на гаранција (емство)**

Член 117

Обврската на гаранција што настанува по делбата меѓу сонаследниците настанува и меѓу потомците по отстапувањето и распределбата на имотот што им го извршил нивниот предок.

**Отповикување**

Член 118

Отстапителот има право да бара потомокот да му го врати она што го примил со отстапувањето и со распределбата, ако овој покажал груба неблагодарност спрема него.

Истото право го има отстапителот ако потомокот не му ја дава нему или на некој друг издршката определена со договорот за отстапување и распределба, или ако не ги исплати долговите на отстапителот чија исплата му е наложена со истиот договор.

Во другите случаи на неизвршување на оптоварувањата определени со договорот за отстапување и распределба, судот, водејќи сметка за важноста на оптоварувањата на отстапителот и за другите околности на случајот, ќе одлучи дали отстапителот има право да бара враќање на дадените добра, или само право да бара присилно извршување на оптоварувањето.

**Права на потомците по отповикувањето**

Член 119

Потомокот што морал да му го врати на отстапителот она што го примил при отстапувањето и распределбата ќе може да го бара својот нужен дел по смртта на отстапителот ако не е исклучен од наследството, ниту е недостоен да го наследи отстапителот, ниту се откажал од наследството.

При пресметувањето големината на неговиот нужен дел деловите на имотот што ги отстапил и распределил оставителот уште за животот на своите други потомци ќе се сметаат како подарок.

## III. ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

**Услови под кои може да се склучи договорот за доживотна издршка**

Член 120

Договорот со кој едниот договорувач се обврзува да го издржува доживотно другиот договорувач, или некое трето лице, а во кој другиот договорувач изјавува дека му го остава целиот свој имот или еден негов дел во наследство, не е договор за наследување, туку договор за отуѓување со надоместок на сите недвижни ствари што му припаѓаат на примателот на издршката во времето на склучувањето на договорот, или на определен дел од тие ствари, чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката (договор за доживотна издршка).

Како недвижни ствари се подразбираат и оние движни ствари што служат за употреба и користување на недвижните ствари, како што се земјоделски орудија, алати и добиток.

Со овој договор можат да бидат опфатени и други движни ствари на примателот на издршката, но за тоа е потребно во договорот да бидат наведени.

Како договори за доживотна издршка се сметаат и договорите со кои при ветување на наследство по смртта е договорена заедница на животот или заедница на имотот, или дека еден договорувач ќе го чува и гледа другиот, имотот ќе му го обработува и по смртта ќе го закопа, или нешто друго во иста цел.

**Форма на договорот за доживотна издршка**

Член 121

Договорот за доживотна издршка се составува во писмена форма и се заверува од судија.

При заверката судијата, во присуство на договорувачите и на двајца сведоци кои нив ги познаваат гласно ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договорувачите на последиците од договорот. Во текстот на заверката ќе се внесе ова предупредување, како и имињата на присутните сведоци.

При заверката на договорот за доживотна издршка можат да бидат сведоци само лицата што можат да бидат сведоци при составувањето на судски тестамент.

При склучувањето на договорот за доживотна издршка давателот на издршката може да биде застапуван од полномошник. Полномошното во овој случај мора да биде издадено во вид на јавна исправа и во него да биде точно означено лицето со кое давателот на издршката ќе склучи договор, како и содржината на договорот. Ова полномошно важи три месеци од денот на издавањето.

**Запишување на правата на давателот на издршката**

Член 122

Давателот на издршката може своето право од договорот да го запише во јавна книга.

**Одговорност за долгови**

Член 123

Давателот на издршката не одговара по смртта на примателот на издршката за неговите долгови, но може да се договори дека тој ќе одговара за неговите постојни долгови на определени доверители.

**Раскин на договорот за доживотна издршка**

Член 124

Договорните страни можат спогодбено да го раскинат договорот за доживотна издршка и откога започнало неговото извршување.

Ако според договорот за доживотна издршка договорувачите живеат заедно, па нивните односи толку се растројат што заедничкиот живот станал неподнослив, секоја страна може да бара од судот раскин на договорот.

Секоја страна може да бара раскин на договорот ако другата страна не ги извршува своите обврски.

Во случај на раскин на договорот секоја страна го задржува правото од другата страна да бара надоместок што ѝ припаѓа според општите правила на имотното право.

**Влијание на изменетите прилики**

Член 125

Ако по склучувањето на договорот приликите се измениле толку што неговото исполнување станало значително отежнато, судот, по барање од едната или другата страна, нивните односи одново ќе ги уреди или ќе ги раскине, водејќи сметка за сите околности.

Судот може правото на примателот на издршката да го преправи во доживотна парична рента, ако тоа одговара и на едната и на другата страна.

**Престанок на договорот за доживотна издршка**

Член 126

Во случај на смрт на давателот на издршката неговите обврски преминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци што се повикани на наследство, ако тие се согласат со тоа.

Ако тие не се согласат да се продолжи договорот за доживотна издршка, договорот се раскинува, а тие немаат право да бараат надоместок за порано дадената издршка.

Ако брачниот другар и потомците на давателот на издршката не се во состојба да ги преземат договорните обврски, тие имаат право да бараат надоместок од примателот на издршката.

Судот ќе го определи овој надоместок по слободна оценка, земајќи ги притоа предвид имотните прилики на примателот на издршката и на лицата што биле овластени да го продолжат договорот за доживотна издршка.

Глава петта

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВРЗ НАСЛЕДНИЦИТЕ

### I. ОТВОРАЊЕ НА НАСЛЕДСТВОТО

**Смрт и прогласување на лице за умрено**

Член 127

Со смртта на едно лице се отвора неговото наследство.

Истото дејство го има и прогласувањето на едно лице за умрено.

**Кога се отвора наследство на лице прогласено за умрено и почеток на текот на роковите**

Член 128

Како ден за отворање на наследството на лице што е прогласено за умрено се смета денот кога решението за прогласување на лицето за умрено станало правосилно, ако во самото решение не е како ден на смртта определен некој друг ден.

Роковите што според овој закон започнуваат да течат од денот на отворањето на наследството, започнуваат да течат во случај на прогласување на лицето за умрено дури од денот кога решението за тоа станало правосилно.

**Способност за наследување**

Член 129

Наследник може да биде само лице што е живо во моментот на отворањето на наследството.

Детето веќе зачнато во моментот на отворање на наследството се смета како родено ако се роди живо.

Врз основа на тестамент можат да наследат и правни лица, доколку со одделни прописи не е нешто друго определено.

**Недостојност за наследување**

Член 130

Недостоен е да наследи, како врз основа на закон така и врз основа на тестамент, како и да добие нешто врз основа на тестамент:

1) оној што со смисленост го лишил од живот оставителот, или се обидел да го лиши од живот;

2) оној што со присилба или закана го натерал или со измама го навел оставителот да направи или да го отповика тестаментот или некоја одредба од тестаментот, или го спречил да го стори тоа;

3) оној што го уништил или го сокрил тестаментот од оставителот со намера да спречи да се реализира последната волја на оставителот, како и оној што го фалсификувал тестаментот на оставителот;

4) оној што ја повредил потешко обврската за издршка на оставителот спрема кој имал законска обврска за издршка, како и оној што не сакал да му укаже на оставителот нужна помош;

5) југословенски државјанин кој избегал од земјата за да ја одбегне осудата за потешко кривично дело, или за да ја одбегне обврската за служење војска или за да врши непријателска дејност против Социјалистичка Федеративна Република Југославија, па до смртта на оставителот не се врати во земјата.

Член 131

Недостојноста не им пречи на потомците на недостојниот, и тие наследуваат како да умрел тој пред оставителот.

Недостојноста престанува со проштевање на оставителот, но проштевање не може да се даде ако недостојниот наследник избегал од земјата за да ја одбегне осудата за потешко кривично дело, или за да ја одбегне обврската за служење војска или да врши непријателска дејност против Социјалистичка Федеративна Република Југославија, и до смртта на оставителот не се врати во земјата.

За недостојноста судот води сметка по службена должност, освен во случај на повреда на обврската за издршка и неукажување на нужна помош.

**Постапка со оставината кога наследниците се непознати**

Член 132

Ако не е познато дали има наследници, судот со оглас ќе ги повика лицата што полагаат право на наследство да му се пријават на судот.

Ако по истекот на една година од објавувањето на огласот не се јави ниеден наследник, остави-

ната ѝ се предава на општината, но со тоа наследникот кој би се јавил подоцна не се лишува од правото да му се предаде оставината или делот што му припаѓа.

Наследникот има право со тужба да бара да му се предаде оставината или делот што му припаѓа, од став 2 на овој член, во рок од две години откога дознал дека е донесено правосилно решение за предавање на оставината на општината, а најдоцна десет години од смртта на оставителот. По истекот на овој рок наследникот го губи правото на оставината.

**Старател на оставината**

Член 133

Кога наследниците се непознати или се со непознато престојувалиште, како и во други случаи кога е тоа потребно, судот ќе постави привремен старател на оставината кој ќе ги застапува наследниците.

За поставувањето на привремен старател судот ќе го извести органот на старателството кој може да постави друг старател.

Кога судот со решението за наследување ќе огласи за наследник лице со непознато престојувалиште, ќе одлучи неговиот дел од оставината да ѝ се предаде на општината на користење, но со тоа наследникот што ќе се јави не се лишува од правото да му се предаде делот што му припаѓа.

Наследникот има право со тужба да бара да му се предаде делот што му припаѓа, од став 3 од свој член, во рок од 10 години од правосилноста на решението за предавање на оставината, на користење на општината. По истекот на овој рок наследникот го губи правото на оставината.

## II. ЗДОБИВАЊЕ СО ОСТАВИНА И ОТКАЖУВАЊЕ ОД НАСЛЕДСТВОТО

**Преминување на оставината врз наследниците**

Член 134

Оставината на умрено лице преминува, по силата на законот, врз неговите наследници во моментот на неговата смрт.

**Откажување од наследство**

Член 135

Наследникот може да се откаже од наследството со изјава во судот до завршувањето на расправата на оставината.

Ова откажување важи и за потомците на оној што се откажал, ако не изјавил изрично дека се откажува само во свое име.

Ако потомците се малолетни за ова откажување не е потребно одобрение од органот за старателство.

Наследникот што се откажал само во свое име се смета како да не бил никогаш наследник.

Ако се откажат од наследството сите наследници што му припаѓаат на најблискиот наследен ред во моментот на смртта на оставителот, на наследство се повикуваат наследниците од следниот наследен ред.

Ако се откажат од наследство потомците на оставителот и неговите посвоеници и нивните потомци, брачниот другар на оставителот се повикува на наследство како единствен наследник од првиот наследен ред.

Член 136

Ако наследникот умрел пред да се заврши расправата на оставината, а не се откажал од наследството, правото на откажување преминува врз неговите наследници.

**Кој не може да се откаже од наследство**

Член 137

Не може да се откаже од наследството наследник што располагал со целата или со еден дел од оставината.

Мерките што ќе ги преземе еден наследник само заради запазување на оставината, како и мерките на редовното управување, не го лишуваат од правото да се откаже од наследството.

**Содржина на изјавата за откажување од наследство**

Член 138

Откажувањето од наследство не може да биде делумно ниту со услов.

Откажувањето во корист на определен наследник не се смета како откажување од наследството, туку како изјава за отстапување на својот наследен дел.

**Откажување на наследство што не е отворено**

Член 139

Откажувањето од наследство што не е отворено нема никакво правно дејство.

По исклучок, потомокот кој може самостојно да располага со своите права може, во спогодба со предокот, да се откаже од наследството што би му припаднало по смртта на предокот.

За полноважноста на оваа спогодба потребно е таа да биде составена во писмена форма и заверена од судија.

При заверката судијата ќе ја прочита спогодбата и ќе го предупреди предокот и потомокот за последиците на спогодбата.

Ова откажување важи и за потомците на оној што се откажал, ако со спогодбата за откажување или со дополнителна спогодба не е нешто друго определено.

**Неотповикливост на изјавата за откажување или за примање на наследство. Нејзино поништување**

Член 140

Изјавата за откажување од наследство или за примање на наследство не може да се отповика.

Наследникот што ја дал изјавата може да бара да се поништи изјавата ако е таа предизвикана со присилба, со закана, или е дадена поради измама или во заблуда.

Ако по давањето на изјавата за откажување од наследство се пронајде имот за кој во времето на давањето на изјавата не се знаело дека ѝ припаѓа на оставината, наследникот што ја дал изјавата може да побара да му се признае право на наследство на делот што по законот му припаѓа на новопронајдениот имот, во рок од една година откога од страна на судот е известен за новопронајдениот имот.

**Прираст**

Член 141

Делот на тестаменталниот наследник што се откажал од наследството им припаѓа на законските наследници на оставителот, ако од самиот тестамент не произлегува некаква друга намера на завештателот.

Член 142

Делот на законскиот наследник што се откажал од наследството само во свое име се наследува како да умрел тој наследник пред оставителот.

**Застареност на правото да се бара оставината со тужба**

Член 143

Правото да се бара оставината со тужба како наследник спрема држателот на оставината застарува за две години откога наследникот дознал дека е донесено правосилно решение за наследување, а најдоцна десет години по правосилноста на решението за наследување.

Ова право во секој случај застарува по протекот на дваесет години од смртта на оставителот.

## III. ОДГОВОРНОСТ НА НАСЛЕДНИКОТ ЗА ДОЛГОВИТЕ НА ОСТАВИТЕЛОТ

**Обем на наследниковата одговорност за долговите**

Член 144

Наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследниот имот.

Наследникот што се откажал од наследството не одговара за долговите на оставителот.

Кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот, и тоа секој до висината на вредноста на својот наследен дел, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството.

Меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со нивните наследни делови, ако со тестаментот не е определено поинаку.

**Одделување на оставината**

Член 145

Доверителите на оставителот можат да бараат во рок од три месеци од отворањето на наследството оставината да се оддели од имотот на наследникот.

Во тој случај наследникот не може да располага со стварите и правата од оставината, ниту неговите доверители можат од нив да се наплатат, додека не се наплатат доверителите што барале одделување.

Доверителите на оставителот што го барале ова одделување можат да ги наплатат своите побарувања само од средствата на оставината.

На одделената оставина судот може да постави старател.

## IV. ДЕЛБА НА НАСЛЕДСТВОТО

**Право на делба**

Член 146

Делба на наследството може да бара секој наследник во секое време.

Ова право не може да застари.

Ништовен е договорот со кој наследникот се откажува од правото да бара делба како и одредбата во тестаментот со која делбата се забранува или се ограничува.

**Управување, користење и располагање со наследството**

Член 147

До донесувањето на решението за наследување наследниците управуваат со наследството заеднички.

Ако нема извршител на тестаментот, а наследниците не се сложат за управувањето со наследството, судот, по барање на еден од нив, ќе постави управител кој за сите нив ќе управува со наследството, или ќе му определи на секој наследник дел од наследството со кој ќе управува тој.

За управител судот може да постави и некој од наследниците.

Управителот може со одобрение од судот да располага со стварите од оставината ако е за тоа овластен со тестаментот или ако е тоа потребно заради исплата на трошоците или за отстранување на некаква штета.

Член 148

По правосилноста на решението за наследување, на користењето и располагањето со наследството кое не е физички поделено меѓу наследниците, се применуваат прописите на имотното право за односите меѓу сосопствениците, со тоа што сонаследникот има право на првенствено купување на делот од другите сонаследници.

**Право на наследниците што живееле или стопанисувале во заедница со оставителот**

Член 149

По барање од наследникот што живеел или стопанисувал во заедница со оставителот, судот кога тоа го бара оправдана потреба, ќе одлучи да му се оставаат одделни ствари, движни или недвижни или група ствари, што би припаднале во делот на другите наследници, а вредноста на тие ствари да им ја исплати тој во пари во рокот што ќе го определи судот според околностите.

За така определениот износ овие наследници до исплатата имаат законски залог на деловите од оставината што му се доделени на наследникот кој е должен да им ја изврши исплатата.

Ако исплатата не им биде извршена во рокот, тие имаат право да бараат наплата на своето побарување или предавање на стварите, кои инаку би им припаднале на име на наследен дел.

**Обврска на заштитување меѓу наследниците по делбата**

Член 150

На секој наследник другите наследници му одговараат по силата на законот ако некое трето лице, повикувајќи се на некое право засновано пред делбата, би му одзело ствар што е ставена во неговиот наследен дел, или инаку би го намалило неговото право.

Тие гарантираат, исто така, дека стварите ставени во неговиот дел немаат скриени недостатоци.

Наследниците гарантираат дека побарувањето на оставителот ставено во делот на еден наследник постои и дека ќе може да се наплати од должникот до износот што му е ставен во делот.

Обврската на гаранција за постоење и наплатливост на побарувањето трае три години по завршената делба, а за побарувањата што стасуваат по делбата таа трае три години од стасаноста на обврската.

Во сите случаи на гаранција според овој член секој наследник гарантира и долгува надоместок сразмерно со својот наследен дел.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Порано отворени наследства**

Член 151

На наследствата што се отворени до влегувањето во сила на овој закон, а кои не се решени, ќе се применуваат прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од член 5, 27, 132, 133 ст. 3 и 4 и 143 од овој закон што се применуваат и на овие наследства.

Одредбата од став 3 на член 140 ќе се применува и на наследствата што се отворени до влегувањето во сила на овој закон ако новиот имот се пронајде по влегувањето во сила на овој закон.

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЗАКОНОТ

Член 152

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

366.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БРАКОТ

Се прогласува Законот за бракот,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 25 септември 1973 година.

Број 03-2314
26 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН ЗА БРАКОТ

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Законот за бракот ги уредува условите и постапката за склучување на брак, личните и имотните односи меѓу брачните другари што настануваат во бракот, како и условите и постапката за престанок на бракот.

Член 2

Бракот е доброволна и трајна заедница на живот на маж и жена, уредена со закон.

Член 3

Во брачната заедница брачните другари рамноправно ги уредуваат своите лични и имотни односи предвидени со овој закон или со меѓусебни договори, кои не можат да бидат спротивни на законот.

Член 4

Бракот не може да биде заснован под услов ниту на определено време.

Глава прва

## СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК

### 1. Услови за склучување на брак

Член 5

Бракот се склучува меѓу две лица од различен пол, кои пред надлежниот орган изјавиле согласност дека сакаат да склучат брак.

Член 6

Брак може да склучи лице кое во моментот на склучување на бракот наполнило осумнаесет години.

Член 7

Никој не може да склучи нов брак додека порано склучениот брак не му престане или не биде поништен.

Член 8

Не може да склучи брак лице кое поради душевно заболување или заостанат душевен развој не е во состојба да го сфати значењето на бракот и обврските што произлегуваат од него, ниту лице кое е неспособно за расудување.

Член 9

Нема полноважен брак кога согласноста за склучување на брак е изнудена со принуда или е дадена во заблуда.

Член 10

Не можат меѓу себе да склучат брак предци и потомци, како ни родени браќа и сестри, брат и сестра по татко односно мајка, стрико и братаница (внука од брат), вујко и сестричина, тетка и братанец (внук од брат), тетка и сестричник, ниту први братучеди.

Не можат да склучат брак и лица чие сродство од претходниот став е засновано со потполно посвојување.

Брак меѓу себе не можат да склучат ниту посвоител и посвоеник, ако посвојувањето е непотполно.

Член 11

Не можат меѓу себе да склучат брак свекор и снаа, зет и тешта, очув и паштерка, маштеа и посинок, без оглед на тоа дали бракот, поради чие склучување тие дошле во такво сродство, престанал или бил поништен.

Член 12

Вонбрачното сродство претставува пречка за брак како и брачното.

Член 13

Надлежниот општински суд може во вонпроцесна постапка да дозволи склучување на брак:

— на лице што наполнило шеснаесет години ако утврди дека постојат околности кои укажуваат дека склучувањето на брак е оправдано и дека лицето достигнало телесна и душевна зрелост за вршење на правата и должностите што настануваат со склучување на бракот;

— на сродници по сватовство (чл. 11), ако постојат особено оправдани причини.

### 2. Форма за склучување на брак

Член 14

Бракот, по правило, се склучува пред надлежниот орган на општината на чија територија се водат матичните книга на венчаните за матичното подрачје на кое имаат свое живеалиште обата идни брачни другари или едниот од нив, а ако немаат живеалиште, пред надлежниот орган на општината на матичното подрачје каде што имаат свој престој.

Идните брачни другари можат да склучат брак и пред надлежниот орган на друга општина (во натамошниот текст претседателот или одборникот).

Член 15

При склучување на брак учествува претседателот на општинското собрание или одборник што ќе го определи собранието на општината.

Покрај претседателот или одборникот, при склучување на брак присуствува и матичар, кој под надзор на претседателот или одборникот ги врши сите работи во врска со пријавата и запишувањето на бракот во матичните книги на венчаните.

Член 16

Пријавата за склучување на брак идните брачни другари ќе ја поднесат до матичарот на матичното подрачје каде што имаат намера да склучат брак.

Во пријавата идните брачни другари ќе дадат изјава дека стапуваат во брак слободно и дека за нивниот брак нема законски пречки, како и дека меѓусебно се запознати со состојбата на своето здравје.

Пријавата идните брачни другари можат да ја дадат усно на записник или писмено.

Кон пријавата идните брачни другари ќе поднесат изводи од матичната книга на родените или соодветни исправи и кога е тоа потребно, дозвола од надлежниот орган за склучување на брак.

Лице кое порано било во брак ќе поднесе доказ дека неговиот поранешен брак престанал или дека е поништен.

Член 17

Пред да се пристапи кон склучување на бракот, матичарот ќе провери дали пријавата е исправна и дали кон неа се приложени потребните изјави и исправи.

Матичарот ќе ги предупреди идните брачни другари на сите законски пречки за склучување на бракот и ќе ги испита дали постои законска пречка или околност од која може да се изведе заклучок дека нема доброволна согласност за склучување на бракот.

Матичарот е должен со решение да го одбие склучувањето на бракот ако утврди дека според законот не е дозволено неговото склучување.

Поднесувањето на жалба против решението од претходниот став не е сврзано со рок.

Член 18

Склучување на брак се врши во посебна службена просторија.

Ако постојат оправдани причини, по барање на идните брачни другари, бракот може да се склучи и на друго место.

Член 19

При склучување на брак, покрај идните брачни другари, претседателот односно определениот одборник и матичарот, потребно е присуство и на двајца сведоци.

Сведок при склучување на брак може да биде секое полнолетно лице.

Член 20

Во посебно оправдани случаи брак може да се склучи и преку полномошник.

При склучување на брак само еден од идните брачни другари може да биде застапуван преку полномошник.

Полномошното се издава во форма на јавна исправа и во него мора да биде назначено лицето со кое давателот на полномошното има намера да склучи брак.

Брак преку полномошник може да се склучи најдоцна три месеци од издавањето на полномошното.

Член 21

При склучување на брак претседателот или определениот одборник, врз основа на исправите и изјавите на сведоците и на идните брачни другари, ќе се увери дека тие се лицата што поднеле пријава за склучување на брак.

Потоа, претседателот односно одборникот ќе ги запознае идните брачни другари со правата и должностите на брачните другари (член 24—29), укажувајќи им на значењето на бракот и секој од нив одделно ќе ги праша дали се согласуваат меѓусебно да склучат брак.

Согласноста за склучување на брак идните брачни другари ја даваат одделно, потврдувајќи ја изјавата дадена во пријавата, што ја чита лицето пред кого се склучува бракот. По добиените потврдни одговори претседателот односно одборникот ќе прогласи дека меѓу нив е склучен брак.

Член 22

Изјавената согласност на брачните другари за склучување на бракот ќе се внесе во матичната книга на венчаните, а потоа во неа ќе се потпишат брачните другари, сведоците, претседателот или определениот одборник и матичарот.

Веднаш по запишувањето во матичната книга на венчаните на брачните другари ќе им се издаде извод од матичната книга на венчаните.

Член 23

Венчавање според верските одредби не е дозволено ако брачните другари не докажат, со извод од матичната книга на венчаните, дека склучиле брак.

Глава втора

## ОДНОСИ МЕЃУ БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Член 24

Во брачната заедница брачните другари се должни еден на друг да бидат верни и заемно да се помагаат.

Член 25

При склучувањето на бракот брачните другари можат, согласно со Законот за личното име, да се спогодат да го земат за презиме презимето на едниот или другиот брачен другар или да го задржат секој своето презиме или секој од нив на своето презиме да му го додаде презимето на другиот брачен другар или едниот брачен другар да го земе презимето на другиот брачен другар и на тоа презиме да му го додаде своето презиме.

Член 26

Брачните другари одлучуваат спогодбено за водењето на заедничкото домаќинство и за местото на заедничкото живеење.

Секој брачен другар е независен во изборот на работата и занимањето.

Член 27

Брачните другари, според своите способности и можности, се грижат за задоволување на потребите на семејството, а посебно за издржување и воспитување на децата.

Член 28

Брачниот другар кој нема средства за живот, а е неспособен за работа или е без работа без своја вина, има право на издршка од другиот брачен другар доколку е во состојба тоа да го прави.

Правото на издршка се губи ако престанат околностите од став 1.

Брачниот другар кој злонамерно или без оправдани причини го напуштил својот брачен другар, нема право на издржување од него.

Член 29

За обврските што еден брачен другар ги имал пред склучување на бракот, како и за обврските што ќе ги прими по склучувањето на бракот, не одговара другиот брачен другар.

Брачните другари одговараат солидарно за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби на брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат обата брачни другари.

Член 30

Имотот кој едниот брачен другар го имал во времето на склучувањето на бракот претставува негов посебен имот.

Како посебен имот ќе се смета и имотот и правата врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основ на наследство, легат или подарок, како и предметите кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните дру-

гари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на целокупниот заеднички имот.

Член 31

Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивни заеднички имот.

Член 32

Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.

Член 33

Брачните другари можат да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со дел од него да го врши еден од нив.

Договорот може да се однесува на сите работи на управување и располагање, или само на редовното управување или на точно определени работи.

Кога не е поинаку договорено управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовното работење.

Член 34

Во вршењето на работите кои ги надминуваат рамките на редовното управување со имотот потребна е согласност на другиот брачен другар, изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.

Член 35

За време на траењето на бракот брачните другари можат да го поделат заедничкиот имот сами или тоа да го побараат од судот во вонпроцесна постапка.

Со делбата на заедничкиот имот меѓу брачните другари настанува режим на посебен имот по однос на дотогаш стекнатиот имот.

Член 36

При делбата на заедничкиот имот на секој брачен другар ќе му се пресмета во дел она што го должи за заедничкиот имот.

При делбата, по барање од брачниот другар, во неговиот дел ќе се внесат првенствено предметите од заедничкиот имот што му служат за вршење на неговиот занает или занимање, како и предметите што служат за негова лична употреба, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на целокупниот заеднички имот.

Член 37

При престанок на бракот, на брачните другари им припаѓа еднаков дел од заедничкиот имот.

По барање на еден од брачните другари, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар.

Член 38

При продажба на определен дел од заедничкиот имот, кој му припаѓа на едниот брачен другар, другиот брачен другар има право да го купи тој дел пред сите други појавени купувачи.

Ова право другиот брачен другар го има и во постапката за присилно извршување.

Член 39

Правата на брачните другари на недвижностите, што се нивни заеднички имот, се запишуваат во соодветните јавни книги за недвижности на името на обата брачни другари, како нивни заеднички имот со неопределени делови.

Член 40

Брачните другари можат меѓу себе да склучуваат договори кои не се спротивни на закон и со нив да заснововаат права и обврски.

Глава трета

## НЕВАЖНОСТ НА БРАКОТ

Член 41

Бракот ќе се поништи:

— ако е склучен за време на траење на поранешен брак;

— ако го склучило лице кое поради душевно заболување или заостанат душевен развој не е во состојба да го сфати значењето на бракот и обврските што произлегуваат од него или лице неспособно за расудување;

— ако е склучен меѓу сродници од определен вид и степен (член 10, 11 и 12);

— ако при неговото склучување еден од брачните другари бил застапуван од полномошник со полномошно издадено на непрописен начин или кое било поништено;

— ако е склучен под принуда или во заблуда за личноста или битните морални својства на брачниот другар, кои другиот брачен другар би го одвратиле од склучување на бракот ако ги знаел, а кои заедничкиот живот го прават неподнослив;

— ако кај брачниот другар во времето на склучувањето на бракот постоела трајна, опасна и тешка болест, противприродни навики, полна немоќ, поранешна осуда заради нечесно дело, бременост на жената од друго лице и нечесно занимање;

— ако е склучен од малолетно лице без дозвола од надлежниот орган;

— ако не е склучен со цел за заеднички живот (фиктивен брак).

Член 42

Бракот нема да се поништи:

— ако поранешниот брак во меѓувреме престанал или е поништен;

— ако по склучување на бракот дошло до престанок на душевното заболување и неспособност за расудување, а поништувањето не го бара еден од брачните другари;

— ако бракот е склучен од малолетник или меѓу сродници од определен вид и степен (чл. 11), а склучувањето е условено со дозвола од надлежниот суд (чл. 13), доколку дополнително таква дозвола се добие;

— ако малолетното лице станало полнолетно;

— ако малолетната брачна другарка останала бремена пред поднесувањето на тужба за поништување на бракот, а поништувањето таа не го бара;

— ако дошло до соживување на брачните другари чиј брак е склучен преку полномошник со полномошно издадено на непрописен начин или кое било поништено. Исто така ќе се постапи и со бракот кој не е склучен со цел за заеднички живот;

— ако поминала една година од денот кога принудата престанала или откога заблудата е откриена, а брачните другари за тоа време живееле заедно.

Член 43

Поништување на брак може да бара секој од брачните другари.

Право на поднесување тужба има и јавниот обвинител, како и лице кое за тоа има правен интерес, освен во случаите кога бракот е склучен под принуда или во заблуда.

Родителите односно старателот можат да бараат поништување на бракот кој без дозвола од надлежниот суд го склучило лице помало од осумнаесет години.

Тужба за поништување на бракот поради причините од член 41, став 1, алинеја 1, 2, 3, 4 и 8 може да се поднесе и по престанок на бракот.

Член 44

Правото на поднесување тужба за поништување на бракот не преминува на наследниците на тужителот, но тие можат да ја продолжат започнатата постапка.

Член 45

Правото на поднесување тужба за поништување на бракот не застарува.

Член 46

Децата родени во поништениот брак се сметаат за брачни.

Член 47

Односите на брачните другари чиј брак е поништен спрема нивните заеднички деца, како и нивните имотноправни односи ќе се расправаат како во случај на развод на брак.

Член 48

Брачниот другар кој во времето на склучувањето на бракот не знаел за недостатокот поради кој бракот се поништува, ги задржува подароците што му се направени заради брак и во текот на бракот од другиот брачен другар или други лица.

Тој има право да бара враќање на подароците што му ги дал на другиот брачен другар, ако овој знаел, во времето на склучувањето на бракот, за недостатокот поради кој бракот е поништен.

Член 49

Во случај на поништување на бракот дејството на бракот престанува од денот кога бракот е поништен.

Глава четврта

## ПРЕСТАНОК НА БРАКОТ

Член 50

Бракот престанува со смртта на еден од брачните другари, со прогласувањето на еден од брачните другари за умрен и со развод на бракот.

Ако еден од брачните другари е прогласен за умрен, бракот престанува со денот определен со решението за прогласување на тој брачен другар за умрен како ден на неговата смрт.

Член 51

Бракот може да се разведе по заемна согласност на брачните другари.

Ако брачните другари имаат малолетни деца или полнолетни деца кои се неспособни сами за себе да се грижат, потребно е да поднесат спогодба за начинот на вршењето на родителските права, како и за задржувањето и воспитувањето на децата, која е во интерес на децата.

Судот ќе донесе одлука за развод на бракот по заемна согласност на брачните другари ако утврди дека тие таа согласност ја донеле слободно, сериозно и непоколебливо.

Член 52

Бракот може да се разведе по барање на еден од брачните другари, ако брачните односи до таа мера се нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив.

Ако нарушувањето на брачните односи настанало исклучиво по вина на едниот брачен другар, правото да бара развод ѝ припаѓа само на другата страна.

Член 53

Брачниот другар може да бара развод на бракот ако брачната заедница фактички престанала повеќе од три години.

Член 54

Правото на наследување што законот им го признава на брачните другари престанува со разводот на бракот.

Разведениот брачен другар го губи исто така правото да ги бара користите за него, предвидени во тестамент или во некое друго располагање во случај на смрт, направени пред разводот на бракот од неговиот поранешен брачен другар.

Член 55

Подароците што брачните другари ги направиле еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат, освен оние што се во несразмера со имотната состојба на подарувачот, кои се враќаат и тоа во онаа состојба во која се наоѓале во моментот на настанувањето на причината за развод на бракот.

Наместо отуѓените подароци се враќа вредноста или предметот примен за нив.

Член 56

Со пресудата со која се разведува бракот судот ќе одлучи за чувањето, воспитувањето и издржувањето на заедничките деца.

Ако родителите не се спогодиле за ова или ако нивната спогодба не одговара на интересите на децата, судот, откако ќе прибави мислење од органот за старателството и ќе ги испита сите околности, ќе одлучи дали децата ќе останат на чување и воспитување при еден родител, или некои ќе останат при мајката, а некои при таткото, или сите ќе бидат доверени на некое трето лице или установа.

Родител на кого не му се доверени децата, има право да одржува лични односи со нив, ако судот не определи поинаку со оглед на интересите на децата.

Судот, по барање на еден од разведените брачни другари или старателскиот орган, ќе ја измени одлуката за чувањето и воспитувањето на децата и за односите на разведените брачни другари спрема нивните заеднички деца, доколку тоа го бараат изменетите прилики.

Член 57

Висината на придонесот за издржување и воспитување на децата ја определува надлежниот суд, сразмерно со можностите на секој родител.

Секој родител може да бара утврдената висина на придонесот да се прилагоди кон неговите изменети имотни прилики.

Член 58

Во случај на развод или поништување на бракот, секој од поранешните брачни другари го задржува презимето што го има, а може да бара и промена на тоа презиме.

Член 59

Брачниот другар кој нема средства за живот и е неспособен за работа или е безработен без своја вина, има право да бара со пресудата, со која се разведува бракот, да му се досуди извесен износ на име издржување на товар на другиот брачен другар, сразмерно со неговите можности.

Доколку со пресудата за развод на бракот е утврдена и вината на еден од брачните другари, брачниот другар виновен за разводот на бракот нема право на издршка.

Член 60

Барање за издршка поранешниот брачен другар може да поднесе и по разводот на бракот, но најдоцна во рок од една година, доколку во моментот на разводот на бракот и во времето на поднесување на барањето постојат условите од претходниот член.

Член 61

Правото на издршка на необезбедени[illegible]т [illegible] другар трае најмногу пет години по разводот на бракот.

По барање на брачниот другар, судот може да го продолжи правото на издршка и по истекот на рокот од претходниот став, ако утврди дека за тоа постојат оправдани причини, а особено ако необезбедениот брачен другар ни по истекот на тој временски период не ќе биде способен самиот да се издржува.

Член 62

Правото на поднесување тужба за развод на бракот не преминува на наследниците на тужителот, но тие можат да ја продолжат веќе започнатата постапка.

Ако основаноста на тужбата биде докажана, преживеаниот брачен другар го губи правото да го наследи умрениот брачен другар и правото на користење од тестамент или од некое друго располагање во случај на смрт.

Подароците што преживеаниот брачен другар ги добил од својот поранешен брачен другар, како и оние што на овој му ги дал, се враќаат според одредбите што важат во случај на развод на бракот.

Глава петта

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ТУЖБА ВО БРАЧНИ СПОРОВИ

Член 63

За лице кое поради трајно душевно заболување или заостанат душевен развој не е во состојба да го сфати значењето на бракот и обврските што произлегуваат од него, како и за лице неспособно за расудување, тужба може да поднесе неговиот старател само по претходна дозвола од старателскиот орган.

Член 64

Брачни тужби можат да се поднесат и преку полномошник.

Во полномошното мора да биде особено назначено каква тужба ќе поднесе полномошникот и од кои причини.

Тужба за развод на бракот по заемна согласност не може да се поднесе преку полномошник.

Член 65

Тужениот може од своја страна да поднесе тужба за поништување на бракот или за развод на бракот кај судот кај кој тој е тужен.

Одлуки по обете тужби ќе се донесат со една пресуда.

Член 66

Кога брачните другари бараат бракот да се разведе по заемна согласност задолжително е присуството на двајцата брачни другари на рочиштето за обид за мирење.

Ако еден или обата брачни другари, иако се уредно повикани, не дојдат на рочиштето за обид за мирење, ќе се смета дека барањето за развод на бракот по заемна согласност е повлечено.

Глава шеста

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 67

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за имотните односи на брачните другари („Службен весник на НРМ" бр. 16/50).

Член 68

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

367.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИСЧЕЗНАТИ ЛИЦА ЗА УМРЕНИ И ЗА ДОКАЖУВАЊЕТО НА СМРТТА

Се прогласува Законот за прогласување на исчезнати лица за умрени и за докажувањето на смртта,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 25 септември 1973 година.

Број 03-2315
26 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИСЧЕЗНАТИ ЛИЦА ЗА УМРЕНИ И ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА СМРТТА

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои судот може да прогласи исчезнато лице за умрено и за докажување на смртта.

Член 2

Судот ќе прогласи за умрено:

1. лице за чиј живот во последните пет години немало никакви вести, а од чие раѓање поминале најмалку шеесет години;

2. лице за чиј живот во последните пет години немало никакви вести, а за кое може да се верува дека повеќе не е живо;

3. лице што исчезнало во бродолом, сообраќајна несреќа, пожар, поплава, земјотрес или во некаква друга непосредна смртна опасност, а за чиј живот немало никакви вести најмалку шест месеци од денот кога престанала опасноста;

4. лице што исчезнало за време на воена состојба, а за чиј живот немало никакви вести една година од денот кога престанале непријателствата.

Роковите од точка 1 и 2 на овој член се сметаат од денот кога според последните вести исчезнатото лице несомнено било живо, а ако не може да се утврди точно тој ден, тие рокови започнуваат да течат со навршувањето на месецот односно годината во која според последните вести исчезнатото лице било живо.

Член 3

Прогласување на исчезнато лице за умрено може да предложи секое лице кое има правен интерес за тоа, како и јавниот обвинител.

Кога се работи за имотноправен интерес на општината односно на Републиката, прогласувањето на исчезнато лице за умрено може да го предложи јавниот правобранител.

Предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено може да се даде и постапка по тој предлог може да се започне и пред истекот на роковите определени во став 1, член 2 од овој закон и тоа во случаите од точка 1 и 2 — шест месеци пред нивниот истек, а во случаите од точка 3 и 4 — веднаш по престанувањето на опасноста односно по престанувањето на непријателствата, но решението за прогласување на исчезнатото лице за ум-

рено не може да се донесе пред исполнувањето на условите пропишани во став 1 на член 2 од овој закон.

Во предлогот се наведуваат податоците и фактите што се од значење за донесување на одлуката, а ако предлагачот не е јавен обвинител, тој треба да наведе и во што се состои неговиот правен интерес за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

Член 4

За прогласување на исчезнато лице за умрено надлежен е општинскиот суд во местото на неговото последно живеалиште, а ако исчезнатото лице немало живеалиште, тогаш е надлежен судот во местото на неговото последно престојувалиште.

Член 5

По приемот на предлогот за прогласување на исчезнатото лице за умрено судот, според потребата, сослушува сведоци и прибира потребни податоци и извештаи. Ако судот најде дека се исполнети условите за започнување на постапката по овој закон, ќе издаде оглас во кој ќе ги наведе битните околности на случајот и ќе го повика исчезнатото лице да се јави како и секој оној што знае за неговиот живот да му јави за тоа на судот во рок од три месеци од објавувањето на огласот, бидејќи по истекот на овој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено.

Во случај кога е започната постапката пред истекот на роковите од член 2, точка 1 — 4 од овој закон, огласниот рок мора да трае до истекот на тие рокови.

Огласот се објавува во „Службен весник на СРМ“, „Службен лист на СФРЈ“, и на огласната табла во судот, а ќе се објави на вообичаен начин и во местото во кое исчезнатото лице имало свое последно живеалиште односно престојувалиште. Судот може да определи огласот да се објави и преку другите средства за јавно информирање, како и во странство.

За започнувањето на постапката за прогласување на исчезнатото лице за умрено се известува органот за старателство за да определи старател на исчезнатото лице, како и јавниот обвинител.

Член 6

По истекот на рокот означен во огласот, судот ќе го сослуша предлагачот и старателот и, откога ќе ги изведе доказите, го прогласува исчезнатото лице за умрено. Ако судот утврди дека нема докази за прогласување на исчезнатото лице за умрено, ќе го одбие предлогот.

Во решението со кое исчезнатото лице се прогласува за умрено, се означува денот, а по можност и часот што се смета како време на смртта на исчезнатото лице.

Како ден на смртта се смета денот кога, врз основа на изведените докази, може да се верува дека исчезнатото лице умрело, односно денот кој исчезнатото лице веројатно не го преживеало. Ако не може да се утврди тој ден, се смета дека смртта настапила првиот ден по истекот на роковите од член 2 на овој закон.

Правосилното решение за прогласување на исчезнатото лице за умрено судот го доставува до надлежниот матичар заради впишување во матичната книга на умрените.

Член 7

Ако лицето што е прогласено за умрено е живо или умрело друг ден, а не на денот означен во судското решение како ден на неговата смрт тоа самото и секое друго лице што има правен интерес, како и јавниот обвинител, може да бара од судот да се укине односно да се преправи решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

За започнувањето на постапката за укинување или преправање на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено веднаш ќе се извести судот надлежен за расправање на оставината на тоа лице. Судот ќе го запре расправањето на оставината, ако постапката е во тек, а ако е оставината правосилно расправена, ќе нареди да се стави забелешка во соодветните јавни книги дека започнала постапка за укинување односно преправање на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

Член 8

Ако судот врз основа на изведените докази утврди дека исчезнатото лице е живо или дека умрело друг ден, а не оној ден кој според судското решение ќе се смета како ден на неговата смрт, ќе го укине односно ќе го преправи своето поранешно решение.

Ако судот врз основа на изведените докази најде дека нема место за укинување ниту за преправање на поранешното решение, ќе го извести за тоа надлежниот суд за расправање на оставината односно надлежниот орган заради бришење на забелешката во соодветните јавни книги.

Член 9

Ако лицето што е прогласено за умрено му се јави на судот лично и бара судот да го укине решението со кое е прогласено за умрено, судот ќе го укине решението откако ќе утврди дека лицето што се јавило е исчезнатото лице што е прогласено за умрено.

Член 10

Правосилното решение за укинување или преправање на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено ќе се испрати до матичарот и до судот надлежен за расправање на оставината, а решението за укинување и на органот за старателство.

Органот за старателство врз основа на решението за укинување на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено ќе го укине старателството ако не постојат други законски пречки.

Член 11

Во случај смртта на едно лице да не може да се докаже со исправи што се предвидуваат во соодветните прописи за матичните книги, секое лице што има правен интерес, како и јавниот обвинител, може да му предложи на судот да се изведат докази за смртта и да се донесе решение со кое се утврдува смртта на тоа лице.

Член 12

Во постапката за докажување на смртта сообразно се применуваат одредбите од чл. 3 — 6 од овој закон, со тоа што предлогот може да му се поднесе на судот веднаш по смртта на лицето чија смрт се докажува, но огласниот рок не може да биде пократок од 15 дена ни подолг од 30 дена.

Во решението со кое се утврдува смрт на едно лице судот го определува денот за кој е докажано дека е ден на неговата смрт. Ако не може несомнено да се утврди тој ден, како ден на смртта се смета оној ден за кој е утврдено дека лицето, чија смрт се докажува, не го преживеало.

Член 13

Одредбите на членовите 7—10 од овој закон сообразно се применуваат ако лицето, чија смрт е утврдена со судска одлука, е живо или умрело друг ден, а не оној ден кој според судската одлука се смета како ден на неговата смрт.

Член 14

Може да се докажува смрт на странски државјанин за кого се тврди во предлогот дека умрел на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Не може да се води постапка за прогласување на исчезнат странски државјанин за умрен.

Член 15

Против решението со кое се прогласува исчезнатото лице за умрено или се утврдува смрт на едно лице, против решението со кое овие решенија се укинуваат или преправаат, против решението за одбивање на предлогот можат да поднесат жалба предлагачот, старателот на лицето за кое се води постапката, јавниот обвинител и јавниот правобранител.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

368.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за воведување на републички данок на промет на стоки на мало,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 25 септември 1973 година.

Број 03-2313
26 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Член 1

Даночната стапка на републичкиот данок на промет на стоки на мало во висина од 3,5% што беше утврдена со член 1 од Законот за воведување на републички данок на промет на стоки на мало („Службен весник на СРМ“ број 16/72), се намалува на 2,5% за периодот од 1 април до 23 јуни 1972 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

369.

Врз основа на член 52 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ“ број 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 септември 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 25 септември 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА СЕЛО ЈАСЕНОВО — ТИТОВВЕЛЕШКО

I

Се дава согласност на Статутот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза село Јасеново — Титоввелешко, што го донесе Советот на работната заедница на Болницата на својата седница од 27. IV. 1971 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-2264
26 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителката Славица Тодоровиќ од Скопје, населба Драчево, ул. „3“ бр. 39, против тужениот Тодоровиќ Божидар, порано од Скопје, сега со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужениот Тодоровиќ Божидар, во рок од 30 дена да се јави во судот, или да ја соопшти својата адреса. Во спротивно, судот ќе му постави старател за посебен случај кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 918/73. (136)

При Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Мијатов, родена Џеџи Грета од Скопје, ул. „Генерал Темпо“ бр. 25, сега со постојано живеалиште во Австралија, против тужениот Нова Мијатов од Скопје, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Нова Мијатов да се јави во судот лично или писмено и да ја соопшти својата точна адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1470 од 8. X. 1973 година. (137)

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителката Зора Кралева, ул. „Партизанска“ број 45/I влез, IV спрат, против тужениот Стојче Кралев, кој се наоѓа во НР Бугарија, со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужениот Стојче Кралев да се јави во Окружниот суд во Скопје во рок од 30 дена или да го извести судот за својата адреса. Во спро-

тивно судот ќе му постави старател за посебен случај, кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 899/73. (119)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Дубравац Дубравка од Кавадарци, против тужениот Дубравац Славољуб, со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Дубравац Славољуб да се јави во судот или да ја соопшти својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му се определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2117/71. (121)

---

При овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на Иван Здравевски од Кичево, сега на работа во Австралија, застапуван од полномошникот Илија Андоновски од Скопје, ул. „Партизански одред“ број 99 (кула Ш, влез 1, стан 3), против Михајлова Неделка од Австралија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Неделка Михајлова во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Окружниот суд во Скопје или да ја соопшти својата точна адреса.

Во колку во оставениот рок од 30 дена тужената не се јави во судот или не ја достави својата точна адреса судот ќе ѝ определи привремен старател кој ќе ја застапува во спорот пред овој суд, согласно член 77 и 78 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1539 од 17. IX. 1973 година. (122)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Асанов Ридван од Скопје, ул. „135“, зграда 143, стан 1, сега времено на работа во Германија, застапуван од Никола Зафировски, адвокат од Скопје, против Мемиш Пакизе од село Драчево, на работа во СР Германија, со непозната адреса, за поништување на брак.

Се повикува тужената Мемиш Пакизе да се јави во судот или да ја соопшти својата точна адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе ѝ биде определен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси по овој спор до неговото окончување.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 786/73. (124)

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителот Алиов Рамадан од Титов Велес, ул. „Крали Марко“ бр. 59, против тужената Алиова Најле, по татко Салиовска, порано од Титов Велес, сега со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужената Алиова Најле во рок од 30 дена да се јави во овој суд или да ја достави адресата во судот. Во спротивно судот ќе ѝ постави старател кој ќе ја застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1476/73. (131)

## ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Талевска Трајана од село Могила, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Талевски Благоја од село Далбеговци, сега во Франција со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 70/73. (123)

---

Фондот за комунално уредување — Охрид, поднесе тужба до овој суд за долг, вредност 72.450 динари, против Велјановски Разме од Охрид, сега во неизвесност, со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, тоа се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен таков по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 10/73. (125)

---

Рецеповска Бека од Белград, ул. „Дубровачка“ бр. 6-а, поднесе тужба до овој суд за сопственост против Камбер Рецеп од Белград, ул. „Балканска“ број 23, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, тоа се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен таков по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 199/79. (126)

---

Авмедовски Емин од село Подгорци, Струга, поднесе тужба до овој суд за развод на брак, против Авмедовска Мунира од село Подгорци, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужената е со непозната адреса, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истата ќе ѝ биде определен таков по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 419/73. (129)

---

Аjдароска Нефиза од село Дебреште, Прилеп, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Ибески Зулфија од село Дебреште, сега во неизвесност со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, тоа се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен таков по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 507/73. (130)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

При Општинскиот суд во Битола се води постапка за амортизација на изгубена диплома издадена од Повереништво угоститеља, удружење угоститеља на подручју Вардарске Бановине Битола, а на име на носителот на дипломата Никола Павловиќ, од Битола, ул. „Јане Сандански“ бр. 12.

Се повикува секој оној кој знае каде се наоѓа истата да јави на судот во рок од 6 месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во спротивно оваа диплома, која е издадена во текот на 1936 година, ќе се огласи за неважна.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 419/73. (128)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 419, страна 723, книга II е запишано следното: Клиниката за уво, нос и грло — Скопје се брише од регистарот на установите, при овој суд, како самостојна установа поради присоединување кон Медицинскиот факултет — Скопје, согласно со член 4 од Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 26/71) и одлуката на Медицинскиот факултет, бр. 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 19 од 23. II. 1973 година. (504)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 91, страна 586, книга I е запишано следното: Клиниката за детски болести — Скопје се брише од регистарот на установите, при овој суд, како самостојна установа поради присоединување кон Медицинскиот факултет — Скопје, согласно со член 4 од Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 26/71) и одлуката на Медицинскиот факултет бр. 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 19 од 23. II. 1973 година. (507)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 572, страна 1207, книга III е запишано следното: Согласно со одлуката бр. 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум, се организира основна организација на здружен труд, без својство на правно лице, под фирма: Основна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Клиника за нервни и душевни болести при Медицинскиот факултет — Скопје. Предмет на работењето на ООЗТ е изведување теоретска и практична настава за потребите на Медицинскиот факултет — Скопје; врши научно-истражувачка дејност од областа на неурологијата и психијатријата; укажува квалификувана помош на болни од нервни и душевни болести.

Проф. д-р Петар Филдишевски, в. д. директор на ООЗТ, е овластен да ја потпишува ООЗТ, без својство на правно лице, од името на факултетот, за склучување на договори и други правни работи во врска со работењето на ООЗТ, а во рамките на доходот што таа го остварува, согласно со овластувањето број 03-95 од 18. I. 1973 година, а во смисла на членот 18 став 2 од Статутот на Медицинскиот факултет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 24 од 26. II. 1973 година. (514)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 572, страна 1207, книга III е запишано следното: Организирање на Основна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Клиника за уво, нос и грло при Медицинскиот факултет во Скопје. Согласно со одлуката број 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум, се организира основна организација на здружен труд, без својство на правно лице, под фирма: Основна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Клиника за уво, нос и грло при Медицинскиот факултет — Скопје. Предмет на работењето на ООЗТ е наставно-научно-здравствена дејност од струката на ООЗТ.

Проф. д-р Александар Андреевски, в. д. директор на ООЗТ, е овластен да ја потпишува ООЗТ, без својство на правно лице, од името на факултетот за склучување договори и други правни работи во врска со работењето на ООЗТ во рамките на доходот што таа го остварува, согласно со овластувањето бр. 03-95 од 18. I. 1973 година, а во смисла на член 8 став 2 од Статутот на Медицинскиот факултет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 25 од 26. II. 1973 година. (515)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 149, страна 816, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Основното училиште „Иван Горан Ковачиќ" — Скопје Гркова Цвета, е разрешена од должност со решението на советот на работната заедница број 98 од 6. III. 1973 година, од одржаната седница на 20. II. 1973 година.

За директор на Основното училиште „Иван Горан Ковачиќ" — Скопје, со одлуката на советот на работната заедница број 110 од 8. III. 1973 година, од одржаната седница на 20. II. 1973 година е назначен Пановски Лазар Сократ, професор, кој во иднина училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Стојчева Мира, секретар-сметководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 66 од 19. III. 1973 година. (520)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 572, страна 977, книга III е запишано организирањето на Основна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Клиника за детски болести при Медицинскиот факултет — Скопје, согласно со одлуката бр. 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум, под фирма: Основна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Клиника за детски болести при Медицинскиот факултет — Скопје. Предмет на работењето на ООЗТ е:

а) Настава: ги воведува студентите во теоретските и практичните знаења и во методите на научната работа поради подготвување на висококвалификувани стручњаци од областа на медицинската струка; подготвува научен и наставен подмладок; усовршува лекари од дипломски студии како и лекари на специјализација; одржува теоретска и практична настава за средномедицински и болнички школи;

б) Научна работа: создава услови за научна работа на наставниците и факултетските соработници; одржува научно-стручна соработка со другите клиника и институти на Медицинскиот факултет и другите универзитетски установи во Скопје и со оние во земјата и странство; одржува научна и културна врска со останатите општествени установи и организации во земјата, како и меѓународна и стручна соработка со цел да ја унапреди во земјата; пренесува стручни и практични искуства на болнички и поликлинички установи во Републиката, непосредно или посредно, преку лекарските друштва и научните секции на друштвата.

в) Здравствени задачи: укажува стручна медицинска помош во лекувањето на болните што боледуваат од педијатриските болести; работи на унапредувањето и подигањето на народното здравје.

Проф. д-р Христо Дума, в. д. директор на ООЗТ, е овластен да ја потпишува ООЗТ, без својство на правно лице, од името на факултетот за склучување на договори и други правни работи во врска со работењето на ООЗТ а во рамките на доходот што таа го остварува, согласно со овластувањето број 03-95 од 18. I. 1973 година, во смисла на член 18 став 2 од Статутот на Медицинскиот факултет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 20 од 26. III. 1973 година. (510)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 11, страна 43, книга I е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Заводот за унапредување на градежништвото, градежната и неметалната индустрија на СРМ — Скопје, Тодор Томов, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со решението број 20 од 9. I. 1973 година.

За директор на Заводот за унапредување на градежништвото, градежната и металната индустрија на СРМ — Скопје е назначен, со решението број 03-264 од 20. III. 1973 година, инженер Благоја Ѓошевски кој истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 20. III. 1973 година.

Обврска пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 68 од 22. III. 1973 година. (521)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 582, страна 1253, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник Илија Темков, шеф на сметководството на Заводот за вработување — Скопје му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката број 02-1047/1 од 7. II. 1973 година.

За нов потписник на Заводот за вработување — Скопје со горенаведената одлука е назначена Читкушева Тодорка, времено распоредена на работното место шеф на сметководството, која во иднина истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници Ралев Киро, Лазо Поп Јаневски и Боро Ташулов.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 69 од 23. III. 1973 година. (522)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 18, страна 1245, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Специјалната болница за белодробна туберкулоза, село Јасеново, Титоввелешко, Шабан Хамза д-р Ердем, заменик директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на советот на работната заедница, бр. 0404-787/4 од 25. XII. 1970 година.

За директор на болницата со горенаведената одлука е назначен Медаров Јован д-р Стојан, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Трајковски Вељан Божидар, референт по работни односи и Димовски Богдана Раде, шеф на сметководството, сметано од 7. III. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 64 од 15. III. 1973 година. (536)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 746, страна 1261, книга III е запишан под фирма: Центар за заштита на деца и младинци „11 Октомври" — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Основната дејност на Центарот е да згрижува деца останати без родители и родителска грижа од 0 до 18 годишна возраст, нивно одгледување, згрижување и воспитување на начин и во услови утврдени со законски прописи и со статутот на установата.

Центарот е основан со соединување на Социјалната установа — детски дом „11 Октомври" — Скопје и Социјалната установа „Мајчин дом" — Скопје во единствена установа — Центар за заштита на деца и младинци „11 Октомври" — Скопје, со одлуката на работната заедница на Детскиот дом „11 Октомври" — Скопје, бр. 02-618 од 15. XII. 1972 година, одлуката на работната заедница на Социјалната установа „Мајчин дом" — Скопје, број 02-1241/2 од 15. XII. 1972 година и решението за давање согласност на одлуките за соединување на Собранието на град Скопје, број 7-31362 од 28. XII. 1972 година.

Центарот за заштита на деца и младинци „11 Октомври" — Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Душко Станиславски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Центарот за заштита на деца и младинци „11 Октомври" — Скопје ќе се конституира во рок од 30 дена по впишувањето на актот за основање во регистарот.

Се бришат од регистарот на установите, од рег. бр. 629, страна 637, книга III Детскиот дом „11 Октомври" — Скопје и од рег. бр. 381, страна 402, книга II Социјалната установа „Мајчин дом" — Скопје бидејќи се присоединуваат во единствена установа под назив: „11 Октомври" — центар за заштита на деца и младинци — Скопје, согласно со горенаведените одлуки и решението.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 41 од 30. III. 1973 година. (562)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 254, страна 1233, книга III е запишано следното: Дејноста на Земјоделското училиште „Моша Пијаде" — Тетово, согласно со одлуката на советот на работната заедница на училиштето, од одржаната седница на 29. III. 1972 година, решението за давање согласност за проширување на дејноста на Средното земјоделско училиште „Моша Пијаде" — Тетово на Собранието на општината Тетово, број 06-5584/1 од 27. XII. 1971 година и решението на Собранието на општината Тетово, број 10-2172 од 24. XI. 1972 година во иднина се проширува и со отворање на нови смерови за занимањата (земјоделско-машински техничари, автомеханичари и продавачи).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 49 од 13. III. 1973 година. (538)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 226, страна 1127, книга I е запишано следното: На досегашниот директор на Основното училиште „Кочо Рацин" — Скопје, Ѓорѓиев Јордан Борис, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со решението на советот на Основното училиште „Кочо Рацин" — Скопје, број 04-70 од 12. III. 1973 година.

За в. д. директор на Основното училиште „Кочо Рацин" — Скопје со решението на советот на Основното училиште „Кочо Рацин" — Скопје, број 04-98 од 21. III. 1973 година е назначена Деспотовска Милица, која истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ленче Никола Мирковска, секретар, сметано од 28. III. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 74 од 28. III. 1973 година. (578)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 455, страна 396, книга VI е запишано следното: Седиштето на Сервисот во Скопје на „Искра комерц" — Љубљана во Здруженото претпријатие „Искра" — Крањ се преместува од кеј „13 Ноември" бб, на улица „Партизански одреди" блок 4 во Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 57 од 31. I. 1973 година. (255)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 428, книга VII е запишано следното: На Јован Јосифовски, досегашен директор на ООЗТ — специјализирана фабрика за производство на финални тапетарски, пловни и туристички производи — Скопје, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на работничкиот совет на ООЗТ — Специјализирана фабрика за производство на финални тапетарски, пловни и туристички производи — Скопје, број 04-64099 од 14. XI. 1972 година.

За нов директор на Фабриката, со горенаведената одлука, е назначен Геровски Слободан, кој истата во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 18. I. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 53 од 31. I. 1973 година. (260)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1608, страна 33, книга VIII е запишано следното: Молеро-фарбарската задруга „Црвен трендафил" — Скопје, согласно со одлуката на задружниот совет, број 1030 од 6. I. 1973 година прерасна во претпријатие кое во иднина ќе работи под фирма: Молеро-фарбарско претпријатие „Црвен трендафил" — Скопје, ул. „275" бб. Предмет на работењето на претпријатието е вршење на молеро-фарбарски работи.

Претпријатието е основано со прераснување на Молеро-фарбарската задруга „Црвен трендафил" — Скопје во претпријатие, согласно со горенаведената одлука.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Андоновски Јован, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Конституирањето ќе се изврши во рок од 30 дена по впишувањето актот за основање.

Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните од рег. бр. 1296, страна 84, книга VI Молеро-фарбарската задруга „Црвен трендафил" — Скопје, бидејќи прерасна во претпријатие, согласно со горенаведената одлука.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 72 од 31. I. 1973 година. (261)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 914, страна 323, книга IV е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата „Рефлекс" во Скопје, ул. „110" број 43, на Трговското претпријатие за внатрешна и надворешна трговија „Рефлекс" — Београд, Трпевски Рајко, е разрешен од должност. За раководител на истата е назначен Милошевски Бошко, кој нема да биде потписник, бидејќи продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 39 од 29. I. 1973 година. (262)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 73, страна 211, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Испоставата во Скопје, ул. „316" бр. 10, на Претпријатието за меѓународна шпедиција „Југошпед" — Белград, Гигов Михајло, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување со решението број 141 од 11. I. 1972 година на „Југошпед" — Београд.

За директор на Испоставата е назначен со решението број 309 од 22. I. 1972 година Најдовски Методија, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето од матичното претпријатие.

Фирмата на Испоставата во Скопје на Претпријатието за меѓународна шпедиција „Југошпед" — Београд се менува и гласи: „Југошпед" — претпријатие за меѓународна шпедиција — Београд — Филијала во Скопје.

Седиштето на Филијалата во Скопје, на претпријатието за меѓународна шпедиција „Југошпед" — Београд се преместува од улица „316" број 10, во просториите на Гранд хотел „Скопје" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1045/72 од 31. I. 1973 година. (263)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1570, страна 320, книга VII е запишано следното: Досегашниот в. д. директор Димов Јован, на Метало-браварската задруга „Метал-продукт" — Скопје, ул. „Гогољ" број 3-а, со одлуката на советот на работната заедница, број 222 од 6. XII. 1972 година, од одржаната седница на 28. XI. 1972 година е назначен за директор и на оваа должност ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 26. XII. 1972 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1107/72 од 6. II. 1973 година. (266)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 797, страна 724, книга VI е запишано следното: Досегашниот директор на Градежниот погон со самостојна пресметка, на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје Душко Златковски е разрешен од должност со решението на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје, бр. 3443 од 7. XII. 1972 година и на истиот му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на споменатиот погон е назначен Тодоровски Чедомир, инженер, со горенаведеното решение на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје, кој во иднина Градежниот погон со самостојна пресметка во Скопје на ЖТП — Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 16. I. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 43 од 31. I. 1973 година. (269)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 688, страна 467, книга VII е запишано следното: На досегашниот потписник на Самостојната организација на здружен труд „Кланица и ладилник" — Скопје, со својство на правно лице, на ЗИК „Скопско Поле" — Скопје, Трајчевски Јован, шеф на сметководството, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со решението бр. 04-3914 од 30. XII. 1972 година на

СО „Кланица и ладилник" — организација на здружен труд, со својство на правно лице — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 14 од 31. I. 1973 година. (269)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1343, страна 268, книга VI е запишано следното: Се симнува присилната управа над Производната трговска организација на големо и мало „Центар" — Скопје.

На досегашните потписници на Производната трговска организација на големо и мало „Центар" — Скопје и тоа: Ѓуша Грижовски, претседател на одборот за присилна управа, Апостол Николов, член и Бранислав Илиоски, член, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За в. д. директор на организацијата е назначен Сечковски Никола, согласно со записникот од собирот на работните луѓе, број 0301-421/3 од 26. IV. 1972 година, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 29. I. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 78 од 31. I. 1973 година. (271)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 400, книга VII е запишано следното: Кон работната организација „Жито Македонија" — прехранбен комбинат — Скопје, согласно одлуката на работничкиот совет на работната организација „Жито Македонија" — прехранбен комбинат — Скопје, број 03-22 од 10. I. 1973 година и одлуката на работната заедница на „Центар" — производна трговска организација на големо и мало — Скопје, број 0301-527 од 29. I. 1973 година, од одржаната седница на 9. I. 1973 година се присоединува Производната трговска организација на големо и мало „Центар" — Скопје.

Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните, од рег. бр. 1343, страна 266, книга VI производната трговска организација на големо и мало „Центар" — Скопје, бидејќи се присоединува кон работната организација „Жито Македонија" — прехранбен комбинат — Скопје, согласно горенаведените одлуки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 79 од 31. I. 1973 година. (272)

---

# КОНКУРСИ

## СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО НА СРМ — СКОПЈЕ

распишува

### КОНКУРС

за прием на еден приправник — стажант

Кандидатот покрај општите услови предвидени со ЗМОРЗТ и Законот за организирање на научните дејности треба да ги исполнува и следните услови:

— да има завршено земјоделско-шумарски факултет — лозаро-овоштарски смер и да покажува наклоност и способност за научна работа од областа на лозарството и винарството;

— да има најмала просечна оценка 8 и да не е постар од 28 години. Приоритет предимно имаат кандидатите од машки пол со завршена магистратура или да се пред завршување на магистратурата од областа на лозарството и винарството.

Конкурсот е отворен 15 дена од објавувањето.

Пријавата, таксирана со 2 динари, со куса биографија и бараната комплет документација да се доставаат на Заводот за унапредување на лозарството и винарството на СРМ — Скопје.

Некомплетираната документација нема да се разгледува. (1265)

---

Советот на Високата музичка школа Скопје, врз основа на член 44, точка 10 од Законот за високото школство на СРМ и член 148 став 2 од Статутот

распишува

### ПОВТОРЕН КОНКУРС

за избор на наставници и тоа:

1. Еден хонорарен наставник (во сите звања) по по предметот: Историја на југословенската драма и театар.
2. Еден постојан или хонорарен наставник (во сите звања) по предметот: Историја на светската драма и театар.
3. Еден хонорарен наставник (во сите звања) по предметот: Виола.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото школство на СРМ.

Покрај пријавата, таксирана со 2 дин., кандидатите треба да поднесат диплома за завршен факултет и кратка биографија. Предимство имаат кандидати со објавени научни или стручни трудови, уметничка и педагошка дејност од својата специјалност, како и оние кандидати кои конкурират под точка 2 за постојан наставник.

Молбите со документите да се поднесуваат до Секретаријатот на ВМШ, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

(1281)

---

Основната заедница на образованието Берово по предлог на Советот на работната заедница на Основното училиште — Берово

распишува

### КОНКУРС

за пополнување на следното упразнето работно место:

1. Основно училиште „Дедо Ило Малешевски" — Берово — еден наставник за одделенска настава.

УСЛОВИ: Завршена ПА — одделенска настава.

Личниот доход е определен според Правилникот за распределба на личните доходи во основните училишта.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до соодветното училиште.

Конкурсот е отворен до пополнувањето на работното место. (1283)

---

Врз основа на член 200 од Статутот, Советот на Медицинскиот центар — Гостивар на својата редовна седница, одржана на ден 28. IX. 1973 година

распишува

### КОНКУРС

за пополнување на слободните раководни работни места и тоа:

1. Началник на Службата за рендген и дијагностика,
2. Началник на Одделението за уво, нос и грло и специјалистичка амбуланта,

3. Началник на Диспанзерот за жени,

4. Началник на забоздравствената служба,

5. Шеф на Одделот за забоздравствена заштита на возрасни,

6. Шеф на Одделот за превентивна заштита на доенчиња и претшколски деца,

7. Шеф на Услужно-техничката служба и возен парк.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени во член 12 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите што ќе учествуваат на овој конкурс потребно е да имаат завршено и тоа: за работното место под бр. 1 се бара лекар специјалист-рендгенолог со 5 години работно искуство; за работното место под бр. 2 се бара лекар специјалист за уво, нос и грло со 5 години работно искуство; за работното место под бр. 3 се бара лекар специјалист гинеколог со две години работно искуство; за работното место под бр. 4 се бара лекар специјалист или лекар стоматолог со пет години работно искуство; за работното место под бр. 5 се бара лекар стоматолог со завршен стоматолошки факултет со 3 години работно искуство; за работното место под бр. 6 се бара лекар специјалист педијатар со 3 години работно искуство и за работното место под број 7 се бара да има завршено средно образование со 3 години работно искуство.

Предност имаат кандидатите што се во редовен работен однос во Медицинскиот центар — Гостивар.

Личниот доход по Правилникот за распределба на личните примања на работниците на Медицинскиот центар — Гостивар.

Молбите, таксирани со два динари со куса биографија и приложените потребни документи за засновање на работен однос да се доставуваат до конкурсната комисија на овој медицински центар.

Молбите што не се комплетирани нема да бидат земени во разгледување.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (1282)

---

Советот на Ветеринарниот институт на СРМ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за избор во научни звања за следните работни места:

1. Еден научен соработник во рефератот по вирусологија,
2. Еден научен соработник во рефератот по општа патологија,
3. Еден научен соработник броматолог во рефератот за контрола на хранителни продукти,
4. Еден асистент во рефератот за патологија на птици,
5. Еден асистент микробиолог во рефератот за исхрана и храни кај домашните животни.

Услови предвидени сходно чл. 40 од Законот за организирање на научните дејности („Сл. весник на СРМ" бр. 9/1967).

Конкурсот трае 15 дена од денот на неговото објавување. (1285)

---

Советот на Заводот за студии и проектирање при Архитектонско-градежниот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места со полно работно време:

1. Научен советник — тринаесет работника,
2. Виши научен советник — дваесет и два работника,
3. Научен соработник — четиринаесет работника,
4. Асистент — триесет и пет работника.

Услови: За работното место под број 1 — високо образование, дипломиран инженер од архитектонски, градежен, геодетски оддел, електромашински или технолошко-металуршки факултет, да има звање научен советник или редовен професор.

За работното место под бр. 2 — високо образование, дипломиран инженер на архитектонски, градежен, геодетски оддел, електро-машински или технолошко-металуршки факултет, да има звање виш научен советник или вонреден професор.

За работното место под број 3 — високо образование, дипломиран инженер на архитектонски, градежен, геодетски оддел, електромашински или технолошко-металуршки факултет, да има звање научен соработник или доцент.

За работното место под број 4 — високо образование, дипломиран инженер на архитектонски, градежен, геодетски оддел, електро-машински, технолошко-металуршки факултет, да има звање стручен соработник или асистент.

Кандидатите треба да приложат документи со кои ќе потврдат дека ги исполнуваат бараните услови.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.

Личниот доход се определува според Правилникот за распределба на личните доходи на Заводот.

Молбите со документацијата да се поднесуваат на адреса: Завод за студии и проектирање при Архитектонско-градежниот факултет во Скопје, ул. „Раде Кончар" бр. 16.

Молбите со некомплетна документација нема да се земаат предвид. (1287)

---

Советот на Основното училиште „Лирија" — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за прием на работа двајца наставници по математика на одредено време до 31 август 1974 год.

Кандидатите треба да имаат завршена педагошка академија — група математика и да го познаваат албанскиот литературен јазик.

Конкурсот трае осум дена по објавувањето. (1286)

---

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 364. | Закон за изградба на инвестициони објекти — — — — — — — — — | 985 |
| 365. | Закон за наследувањето — — — — | 998 |
| 366. | Закон за бракот — — — — — — | 1012 |
| 367. | Закон за прогласување на исчезнати лица за умрени и за докажувањето на смртта — — — — — — — — — | 1016 |
| 368. | Закон за изменување на Законот за воведување на републички данок на промет на стоки на мало — — — — — — | 1018 |
| 369. | Одлука за давање согласност на Статутот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза, село Јасеново, Титовелешко — — — — — — — — | 1018 |


**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**